# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осумнаесеттото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 септември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, Сала 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 72-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илјаз Халими, Фатмир Асани, Џевдет Насуфи, Зиди Џелили, Замир Дика, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Елеонора Петрова Митевска, Љупчо Мешков, Благородна Мингова Крепиева, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Коце Трајановски, Петар Наумовски, Ванчо Георгиев, Мите Николов, Трифун Костовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Хусеинџеват Хусеини ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи министерот за правда не го гледам тука или неговиот заменик ќе преминеме на 22-та точка бидејќи тука е министерот за здравство.

**Дваесет и втора точка - Предлог за донесување закон за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон.**

Ги молам службите да го известат министерот за правда или заменикот да дојдат во Парламентот.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот и ве молам кој бара збор.

За збор се јави пратеникот Цветанка Гашоска.

Повелете имате збор.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Се работи за извонредно добар, осмислен и сеопфатен закон. Да напоменам дека овој закон влече корени од Законот за заштита од заразни болести од СФРЈ од 1984 година, со измените и дополнувањата во неколку наврати.

Ова го велам и заради тоа што во изминатите 60 години, благодарение на добрите законски одредби и примената на законот во Република Македонија се искоренија заразните болести, кои претставуваа голем проблем во минатото. Така Република Македонија се израмни со високо развиените земји и влезе во модерните светски трендови. Своите скромни забелешки на неколку члена од законот ги истакнав и на Комисијата за здравство, а министерот за здравство зеде обврска дека тие забелешки ќе ги вклопи во подзаконските акти.

Првата забелешка што се однесува на членот 31 став 5 кој гласи: “трошоците за извршените клинички и лабораториски прегледи на лицата кои престојувале во ризични средини, се на товар на лицето ставено под здравствен надзор”.

Мојата дилема е дали тие лица заради трошоците нема да ги избегнуваат прегледите. Но членот 67, во точката 5 предвидува соодветни и не така мали законски казни, што сметам дека тие лица ќе бидат соодветно опсервирани. Тоа што оваа материја е под ингеренции сега на локалната самоуправа го намалува ризикот од избегнување на закажаните контроли врз овие лица.

Член 34 предвидува заштита со имуно глобулини, меѓу другото и кај здравствените работници повредени со контаминирани инструменти, кој не се вакцинирани против вирусниот хепатитис - Б, а јас ќе додадам и против вирусниот хепатитис - Ц, бидејќи истиот е доста чест кај лицата кои се на хемодијализа, што зборува дека и хепатитис вирусот е доста присутен.

Се надевам дека во блиска иднина ќе нема здравствени работници кои работат со крв и крвни деривати, а не се вакцинирани против заразните жолтици.

Здравствената едукација е опфатена во членот 50, кој вели дека секој лекар е должен да ги едуцира своите пациенти. Сосема оправдано и прифатливо и тоа и го правиме во текот на нашата работа. Но мислам дека едукација за заштита од заразни болести треба да почне порано во училиштата, а истата да ја спроведуваат школските лекари.

Последната забелешка се однесува на делот 3 членот 51, кој зборува за другите мерки за спроведување и сузбивање на заразните болести. Сметам дека

учениците и студентите од други земји кои се, или сакаат да бидат на студиски престој во Република Македонија треба да има доказ за спроведената имунизација. Тоа го прават многу земји како би биле сигурни дека нема опасност од појава на заразни болести. Ова не го велам како репер на овие земји, туку дека е тоа во контекст на современите текови и глобализацијата со сите промени што настануваат. Динамичен живот со нови стилови, начин на исхрана, сексуално однесување, промена на животната средина. И Република Македонија не е надвор од овие текови. Сите ризични фактори за појава и ширење на заразните болести постојат. Централизацијата овозможи надзорот и следењето да бидат изместени, а сега со префрлањето на ингеренциите по однос на овој Закон на локалната самоуправа, значително ќе се подобри контролата на водоснабдувањето, правилната диспозиција на отпадот, отпадните води, ќе има контрола и во начинот на исхраната. Со други зборови ќе се обезбеди или ќе се овозможи здрава животна средина и здрав живот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Господине претседателе, дами и господа, почитуван министре.

Сакам да кажам само неколку збора во врска со Законот кој е на дневен ред. Законот за заштита на населението од заразни болести е еден од подобрите закони, кои дојдоа на седница на Собранието на Република Македонија. На Комисија, после долги дискусии беа расчистени сите дилеми, сите недоречености и заради тоа законот беше прифатен едногласно како еден од подобрите закони кои ја регулираат оваа материја.

Заради тоа, апелирам до пратениците законот едногласно да го усвоиме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Камчев.

Сега сме во прва фаза.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и пред да му предложам на Собранието да го усвои заклучокот, ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Бидејќи добив информација дека 56 пратеници се потпишале, давам пауза од 15 минути.

Пауза од 10,15 часот.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да продолжиме со работа.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за заштита на населението од заразни болести.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, нема воздржани, нема против.

Како што реков, во салата беа присутни во времето на гласањето 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 пратеници гласале за, нема воздржани и нема против,

Во салата се присутни повеќе од 61 пратеник, бидејќи дојдоа уште пет-шест пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 19, член 20 за додавање нов став 2 по став 1, член 23 став 2, член 25 став 2, член 26 став 2, член 56 и за додавање на нов став 2 по ставот 1, член 59 став 2, член 68 став 2 и на член 70.

Отворам претрес по амандманот на член 19, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор мнистерот за здравство Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има сбор министерот за здравство.

Повелете.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

Повелете.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составне дел на текстот на закот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овој амандман е прифатен и со тоа станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 56 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре имате збор.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 70, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на населението од заразни болести.

Се враќаме на 18 точка, бидејќи претставникот, односно министерот за правда е присутен тука.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам преетрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, колеги пратеници,

Мислам дека овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спорт е еден од најслабите закони и ако не убедливо најслаб Предлог на закон, кој што ги добивме во пакетот на овие закони за децентрализација. Се ќе беше во ред, доколку во Законот се интервенираше во делот каде што треба да се проговори за префрлање на надлежностите на единиците на локална самоуправа во новиот

закон и тука да се определат ставките и средствата кои ќе се одвојуваат за спортот во општините. Уште во стартот каде што Министерството, сега не знам од кои причини Министерството за правда се јавува во улога на предлагач на овој Закон за спорт, но во секој случај во причините поради кои што треба да се донесе законот, Министерството говори дека од неговото донесување, значи на стариот Закон кој беше во 2002 година усвоен, особено во сферата на прашањата за уредување на просторот за непречена функција на националните спортски федерации и спортските здруженија под силното влијание на дневната политика во однос на јавувања на паралелните национални и спортски федерации. Потребата да се дефинира кој ја претставува националната спортска федерација во земата и надвор, нерешените статусни прашања во однос на финансирањето на спортот, потребата од стручни кадри и нивно учество во реализација на тренажниот процес и многу други причини, поради што овој закон треба да се донесе.

Понатаму, во донесувањето на законот по скратена постапка имаме предлог во кој што, како што и многу пати до сега е кажано дека овој закон не е ниту сложен ниту обемен и согласно член 152 став 1 од Деловникот ние треба да го претресеме и да го донесеме предлогот за донесување на закон. Мислам дека ова е прва грешка, затоа што е ова закон уште еден после Предлогот за донесување на законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари и во тој контекст би предложил, доколку министерот тоа го прифати, ова да биде прва фаза на разгледување на законот, да има една голема јавна расправа, во која што мислам ќе дојдеме до многу поинакви сознанија, за разлика од ова што тука ни е понудено како Предлог на закон и решение за одделни ставки, затоа што многу малку е зафатено од она што требаше да значи префрлување на ингеренциите на единицата на локалната самоуправа. И покрај ваквата желба со овој закон се обидува да се регулираат работи кои треба државата дефинитивно да ги направи, ако и понатаму сакаме да имаме спорт. Зошто го говорам ова, затоа што после онаа фамозна изјава на тогашниот премиер, сегашниот претседател дека државата и политиката не треба да се мешаат во спортот, неговите приврзаници во власта и бизнисмените, огромен дел од нив тоа го сфатија буквално, така што сега во овој момент мислам дека спортот не бил во покатастрофална положба отколку што е сегашната. Но, затоа пак, претседателот има спонзори за да игра или да гледа кошарка во соседните држави, да се такмичи во боите на други национални дресови. За негова жал, еве, за жал на спортистите, а за негова среќа најде и добри спонзори

како што е еден Христо Стоичков. Но, тоа е она што во моментот ни се случува. Ако во најскоро време не се донесе комплетно нов закон за спорт во кој ќе се дефинираат основните насоки во него, тогаш господине министре и вие господо од Владата, а и вие колеги пратеници, кои чувствувам голем немир, не знам зошто, граѓаните и вие почитувани спортисти ќе треба да кажеме збогум на спортот. Кој од родителите тогаш ќе има пари и мисли дека неговото дете е некој талент ќе го однесе во развиените спортски земји, ќе вложува во него, ќе плати за тренери и евентуално еден ден, доколку родителот и детето не се револтирани на Република Македонија и ова што во моментов се случува во спортот во Републиката, ќе го облечат дресот со националните бои на Република Македонија. Се додека ова не се случи целата надеж ќе ни биде во некој спортист, кој што земал македонско државјанство и кој за одредена надокнада ќе се бори за нашата земја. Но, тоа е се дотогаш додека им се исполнуваат финансиските услови, а после тоа е крај.

Дали последната Олимпијада не треба да ни ја даде онаа последна лекција после која или имаме спорт или пак да оставиме се да се одвива стихијно, па кој што ќе направи ќе кажува времето. Дали времињата на еден Аце Русевски, Благоја Ѓеоргиевски, Шабан Трстена, Шабан Сеидиу, Владимир Богоевски, Тасевски, Манасков, Ванчо Јовановски, Панчев, Канатларовски, Савевски, Сетинов, се дефинитивно поминато време и не само ќе говориме за нешто што се случувало во минатото. Во овој момент македонскиот спорт верувајте ми е на изумирање. Имавме можност после 100 години Олимпијадата да биде во наша непосредна близина, значи не можевме да се вадиме како за наредната Олимпијада дека ќе биде во Кина, дека државата ќе нема финансиски средства, имавме се и можности, но она што го направивме е под секоја критика. Гледајќи ги нашите соседи каде се и што се мислам дека апсолутно немаме мерила за било каква споредба. Не се работи за она што го говориме дека некој во ЕУ или во Америка работел со години, туку непосредно од луѓе со кои што заедно се натпреварувавме во исти лиги, во исти натпреварувања, денеска се стотици чекори пред нас.

Прво и основно, дали со овој закон, дали во Законот за финансирање, во Законот за даноци, во Законот за игрите на среќа, мора да се најде стимул за оние стопанственици кои го сакаат спортот да им се овозможи дел од своите средства да ги префрлаат во спортските клубови. Во овој закон е убаво напишано дека спортските клубови ќе се регистрираат во трговски друштва. Но, што од сето тоа кога добивките се никакви. Кој би вложил во нешто после кое знае дека федерацијата

веќе го одбрал шампионот во истото натпреварување. Судиската организација се приклучува на сето тоа. Резултатите се познати две недели пред одигрувањето на било кој натпревар и ние се чудиме зошто сега на едно дерби во Република Македонија има 500 до 1000 гледачи и тоа е добра бројка, а имало и по 20 иљади гледачи. Зошто фудбалските клубови кои значеле многу во Република Македонија сега се во втора лига или пак изумираат. Зошто половина екипи не можат да го почнат првенството, а прашање на денот е кога тие господа или клубови ќе се откажат од лигата. И, вие сега на таквите клубови им предлагате во законот во членот 2 и членот 3 како ќе им се издаде спортска лиценца и тоа го кажувате дека во членот 2 став 2 на спортскиот клуб лиценца за организирање на спортска школа, му издава Државната спортска федерација.

Во членот 3, спортската школа може да работи ако се исполнети следните услови. Програмата за реализација на спортската школа да е одобрена и прифатена од Државната спортска федерација, да бидат обезбедени просторни услови за нејзина реализација, да се обезбедени основна опрема и реквизити кои ги пропишува Државната спортска федерација, програмата ќе ја реализираат стручни лица утврдени во член 27 од овој закон. И, сето ова кога некој ќе го прочита што е далеку од спортот...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски ќе дозволите, не ве прекинувам, само би сакал да ја поздравам Делегацијата на парламентарната група на Сенатот на Република Полска, која што еве дојде малку и да не посматра (аплауз). Тоа е госпоѓа Чеслава Христова, копретседател на групата, господинот Жегош Гурњак, пратеник, господинот Цезар Истриев, пратеник и госпоѓа Александра Војко. Им посакувам успешен престој во Република Македонија.

Повелете господине Мавровски продолжете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Да ги поздравам и во мое лично име. Посебно им честитаме на полските спортисти и успехот што го направи Полска и што ќе го прави понатаму и сите спортисти и сите пратенци кога ќе го погледаат овој закон за спорт, посебно оние што не ги интересира многу спортот, гледајќи ги член 2 и член 3, доаѓаме до една ситуација што се толку реални и објективни сите овие фактори што е чудно како сега некој може да каже ваква дефиниција која што е дадена во законот. Но, што

добиваат клубовите со сето ова. Клубовите добиваат веќе на 17 или 18 години, сите оние побогати клубови, да не говориме за оние од ЕУ кои Што ќе најдат било каков талент, веќе ќе бидат префрлени во нивните земји, а клубот кој инвестирал пет или шест години во тренажниот процес, каде што треба да ги направиме спортистите, тогаш дали ќе може да добие некакво обештетување. Во секој случај ЕУ се штити самата себа и во овие федерации повеќе нема обештетувања. Значи, клубовите функционираат како инкубатори, но за жал, тоа е со многу мал број клубови. Тој број од ден на ден се намалува, а другите немаат веќе ни младински погони, за да можат да почнат на натпревари во било кое натпреварување и тука едноставно не можеме ни да зборуваме за школи. Зошто го говорам сето ова. Затоа што, кажуваме обезбедени просторни услови за нејзина реализација. Господине министре, не знам колку сте запознати, но огромен број од клубовите кои што се натпреваруваат во професионалните лиги како што ние ги кажуваме во Република Македонија, едноставно не им се обезбедени тренажни процеси, затоа што проблемите на јавното претпријатие тоа им го оневозможуваат.Но, тоа е нешто за кое што мислам дека и понатаму ќе проговориме.

Дефинирањето на федерациите во последните години е навистина голем проблем. И покрај пропаѓањето на спортот, тоа е вториот голем проблем. Зошто е така најдобро знаат во самите федерации. Кажувате дека треба да се деполитизира, но ова формирање на вакви паралелни сојузи кажува за политизацијата во спортот, која што и понатаму сакаме на некој начин преку законот да ја избегнеме. Очигледно е дека тоа не е така.

Би прокоментирал уште за неколку члена од овој закон и понатаму или на крајот би предложил што треба да има новиот закон за спорт, како би бил функцинален и во догледно време да значи рамка во која би се реализирало сето ова.

Во членот 22-а став 2 училишниот и студентскиот спорт е нешто што во дадената шема ќе треба да излезе од овие рамки и да функционира посебно. Затоа што, факт е дека огромен број на врвни спортисти излегуваат точно од универзитетите во светот. Во моментот во Република Македонија имаме три универзитети со тенденција на проширување на бројот на универзитетите. Тука веќе имаме создавање на приватни универзитети и можноста голем број спортисти да се активираат токму на овие места и да може сето тоа да донесе до еден квалитет, кој

што ќе и треба на Република Македонија. Тоа мислам дека можеме да го направиме и тоа што побрзо.

Во членот 10 и членот 22-а во однос на спортските објекти, мислам дека тоа е големиот проблем и ова што единиците на локална самоуправа и новите закони кои што треба да го обезбедат сето тоа, ќе треба да ги земат салите кои се изградени од локален самопридонес. Значи, изградени се од средствата на граѓаните во оние општини каде што тие живеат. Во моментот со нив стопанисува јавното претпријатие. Истото во овие две години, освен за плати и трошоци за телефонски сметки, службени патувања и слични трошоци во спортот и објектите со кои стопанисуваат, апсолутно ништо не вложиле, а истото е и со постојната Агенција за млади и спорт, која треба да биде движечка сила во спортот. Што направија овие два фактори за олимписките игри, се гледа по тоа што спортските сали, пливачките базени се затворија за спортистите во екот на предолимписката година. Сите ние, спортистите требаше да заминат во соседните или во европски турнеи каде што се исплатија многу повеќе средства, отколку тие базени и сали да работеа. Сето тоа од директорот на тоа јавно претпријатие како да е ова некое пазариште во кое не се платени наемнини и кирии и тука сето тоа треба да се разреши токму на овој начин со уцена, со исклучување и со начин клубовите и покрај она што го немаат, се занимаваат со спорт, едноставно да бидат исклучени од се. Но, кога клубовите бараат она што треба да им го обезбеди јавното претпријатие, а тоа е салите да имаат греење, да имаат топла вода, им се укажува дека паркетот е подигнат, дека подлогата е уништена, за ова само ќе слушнете едно дека такви средства нема и средствата се употребуваат за лични доходи и за ова што го кажавме претходно.

Мислам дека тоа е нешто  што ќе треба многу брзо да се реши затоа што начинот на кој ќе функционира, бидејќи имате дадено во законот како и кој ќе треба да ги дефинира и да ги определи овие спортски сали или спортски објекти во Република Македонија тие да функционираат. Што со започнатите спортски сали? Ги оставате на забот на времето веќе втора година или треба комплетно да се украде материјалот со кој се направени и она што е направено да се растури, да покажете за некоја политичка погрешка на претходната Влада или на било кој што работел и што сакал нешто да направи.

Но, морам да ви кажам дека е ова голема грешка, ако ги доправевте салите сега голем број на млади луѓе ќе беа во нив, немаше да има уцени од јавното претпријатие, ако не може тоа државата да го стори, како што кажувате дека нема пари, добро е да се дадат под концесија, да се довршат и со нив да се стопанисува. Тоа е логиката, а дали логиката ВМРО требаше да прекине да го гради Козјак, па сега да кажуваме една голема погрешка на претходната власт што планирала да го прави Козјак. Апсолутно мислам дека тоа не е начин за да се докажува некое промашување, искористете го тоа, направете ги салите, ако сакате младите луѓе, а многу искрено се надевам сакаме да им помогнеме на сите не само декларативно да се изјаснуваме за борба против пороци, ученички и студенски стандарди за кои говоревме во текот на претходните денови, акцијата сите во спорт и слични акции затоа што без спортски објекти, апсолутно не бива ништо.

Во членот 22-б, кажувате дека за остварување на јавниот интерес во спортот утврден во членовите 22 и 22-а, од овој Закон , органот на Државната управа надлежен за работите од областа на спортот општините и градот Скопје можат да основаат фондација за развој на спортот во согласност со закон. Фондацијата ја претставува и со неа раководи Управен одбор. Сега, прашањето е, кога изумираат сите клубови кој би се осмелил да формира ваква фондација и кој е начинот на кој оваа фондација ќе функционира. Што и каде треба да се движиме после ова и ова што вие ни го презентирате, мислам дека апсолутно несодејствува со она што значи вистина и она што е реалност во Република Македонија во моментот во областа на спортот, за жал, за спортистите за жал и за државата затоа што спортистите се можеби најдобрите амбасадори на една држава и нивни претставници секаде во светот и ќе ни беше многу мило и гордо доколку на претходната Олимпијада посебно во Република Грција се постигнеше некој успех и да даде господ да земевме некоја медаља, но многу тешко оди затоа што Владата се вклучи на крајот кога се е завршено и кога се ветуваа некои премии кои за обичниот граѓанин изгледаа многу нереално како многу големи, но од друга страна големината на тие премии треба да биде во текот на еден тренажен циклус, значи од денес треба да почнат подготовките за олимписките игри во Кина. Колку сме подготвени како држава да го направиме, затоа говориме законски ако сте подготвени за оваа работа ќе треба да правиме нов закон кој ќе го регулира спортот и од кој ќе треба понатаму да се развиваат сите останати активности.

Значи, што и каде треба да се движиме со новиот закон за спорт, мислам дека ова треба да биде прво читање, како што ви кажав, да се даде можност за јавна расправа во која директно ќе се слушнат спортистите, клубовите, федерациите, па донесеме нешто кое ќе вреди.

Основни насоки би биле рекреативен и масовен спорт да се дефинира што значи, кој се може да биде ослободен од одредени активности. Значи, ова е она што во секоја држава го има дефинирано и во законите на Словенија, Хрватска и Бугарија кои стануваат спортски велесили во светот и тука треба да се посветиме многу повеќе.

Понатаму, училишен и универзитетски спорт. Тоа е нешто што треба да се посвети внимание, имав можност да работам на овие закони трудејќи се направам нешто и да работам на некој закон што ќе биде предложен во Парламентот од колегите пратеници, мислам дека училишниот спорт посебно спортот за деца и младинци би требало да биде основата  на која ќе ја градиме нашата спортска иднина, значи школски спортски клубови, спортски сојузи, Македонски школски сојуз, спортска обука на деца и младинци и сето ова настрана со универзитетскиот спорт за кој говорев пред малку.

Трета работа за која мора да проговориме и да се изнајде начин како државата, дали се тоа законите за финансирање од буџетот, средства од игрите на среќа или ослободување од некои даноци, мислам дека врвниот, квалитетен и репрезентативен спорт апсолутно треба да биде под ингеренции на државната управа. Тука се огромни средства и резултатите кои треба да дојдат токму од овие федерации и од репрезентативните настапи на нашите селекции.

Ова што во моментот ни се случува - недоразбирањата, ова што е дневно не би сакал да го злоупотребам, но тоа е нон стоп случувања со сите врвни спортисти и оние кои сакаат и оние кои ќе ги избркаме од репрезентативниот рез поради нашата негрижа и поради нашата незаинтересираност.

Понатамо, посебна глава во овој спорт би требало да биде Македонскиот олимписки комитет.  МОК со сите права и обврски не смееме никогаш да го доведеме во ситуација на минута до 12 да се обезбедат некои средства кои се нереални и кои неможат да обезбедат ни 50% од она што секој нормален и реален олимписки комитет треба да го предвиди за своите спортисти.

Тоа е она на што треба да се посвети многу поголемо внимание без разлика кој го претставува МОК треба сите заедно сите спортисти да бидат згрижени токму тука и да ги побараме нашите успеси.

Понатаму во делот кој се покажа последните години многу фамозен за здравјето на многу спортисти, имавме и смртни случаи, значи медицинската заштита. Таа се јавува затоа што во голем број клубови каде имаме активни спортисти се случува да поминуваат без регуларни спортски контролни прегледи со специјалисти на медицина за спорт, тоа го прават во повеќе случаи општи лекари или едноставно се добиваат потврди или печати дека спортистите се здрави и дека можат да го направат тоа, но, за жал, се покажало во неколку ситуации дека тоа било со смрттни последици и тоа е многу опасна ситуација.

Гледаме дека спортот во светот се движи во една нагорна линија, но за жал на спортистите, многу од нив се манипулирани со тоа што примаат допинг, тоа е факт, тоа се гледа и кај врвните спортски натпреварувачи, време е Македонија во овој закон да го регулира формирањето и работењето на антидопинг комисии и контроли врз сите спортисти. Со ова што ќе треба да ја формираме оваа Антидопинг комисија и контролата врз сите спортисти, нема да се доведеме во ситуација одредени резултати постигнати во предолимпискиот период кои се многкратно подобри од она што ќе го видиме на Олимпијадата, да бидат поставени под сомнеж затоа што Олимписките игри покажаа дека контролата е доста строга и ригорозна и во заштитата на спортистите и нивното здравје, а и во објективноста на постигнатите резултати оваа комисија што побрзо треба да се формира и да работи. Не само да ја поставиме на хартија и да ја имаме, јас знам дека е скапо, но може да се направи договор и таа да функционира во содејство со соседните држави.

Понатаму, има дефинирање на спортските објекти, ова за што говоревме и тоа е основата од која спортистите ќе бидат задоволни или не затоа што под вакви услови во зимски услови на  минус 35 степени кога нема ни топла вода и кога мрзне во спортските сали, едноставно го доведиваме во прашање здравјето на спортистите, а во летниот период ако имаме 35 степени надвор во спортските сали е повеќе од 40 степени. Тука треба да се направи огромна грижа на државата овие објекти кои ќе се категоризираат дали се објекти за меѓународен спорт, објекти кои треба да функционираат во сите својства, барем да се приближиме на условите на оние објекти кои ги имаат во ЕУ.

Основниот проблем и за министерот и за луѓето кои се занимаваат со спорт е финансирањето, еве во самиот закон се кажува дека анализите направени во однос на финансирањето на дејноста - спорт во Република Македонија покажуваат дека средствата кои беа планирани во Буџетот на Република Македонија задоволуваат до 15% од програмите, согласно јавниот интерес во дејноста спорт кој до донесување на овој закон беше исклучиво во надлежност на државата. Сега овие надлежности се префрлуваат на единиците на локалната самоуправа, но верувајте ми дека единиците на локалната самоуправа по она што до сега сме го виделе, апсолутно не се во можност финансиски да ги подржат овие клубови затоа што не се обезбедени, тоа се минимални средства кои и за основниот рекреативен спорт би биле премалку, а да не говориме за клубови кои треба да ја претставуваат Република Македонија и надвор каде треба да се постигнуваат резултати, а ви кажав она што луѓето, во основа, знаат дека е некоректно, многу малку луѓе ќе најдете што можат да инвестираат во таква работа.

Јавниот интерес во спортот едноставно треба да се дефинира во спортските клубови, вие говорите дека треба да се изедначат правно во работата здруженијата на граѓани, трговските друштва, но мислам дека треба да ги дефинираме спортските клубови, професионалните клубови, спортските федерации, спорт на лица со посебни потреби, што е посебно важно и еве да ја искористам приликата да ги поздравиме тие луѓе што постигнале огромни резултати и што ја презентираат Република Македонија секаде во светот, спортската рекреација, значи спорт за сите и универзитетскиот спорт.

Насоката би била токму во овие правци и предлогот на колегите пратеници што дојде и кој е за поздравување за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, мислам дека таа иницијатива требаше да биде, можеби се случуваа и други работи, јавни дебати не се одржани онолку колку што треба и дали воопшто се одржани по говорењето за овој зако и мислам дека ова треба да се вгради и тука, а тука ја гледам улогата на Министерството за правда директно да се вклучи во сето ова, одговорноста на секој поединец на спортските натпревари да ја поднесува индивидуално.

Значи, само на тој начин ЕУ сите хулиганства и она што се случуваше по спортските терени се обидуваа да ги запрат, но не еправило и ние не сме исклучок од тие правила што се случуваат во светот, но тоа треба законски да го направиме и секој да си ја знае својата одговорност.

Вака како што е поднесено кажуваме замо за она што не треба, но санкциите и она што треба да ни го даде правото да можеме да санкционираме и секој лично да си ја понесе својата одговорност, тоа го нема. Во колектив и групно мислам дека апсолутно помалку се чувствува вината одколку ја чувствува индивидуалецот.

Затоа уште еднаш го замолувам министерот доколку постои можност ова да биде прва фаза затоа што и така нема да ги решиме проблемите со ова што ни го нудите како Предлог на закон да се поведе една јавна расправа, да има уште едно читање на законот, да се предложат нови решенија од сите спортисти, од федерации за да можеме да стигнеме до еден закон кој и министерот ќе може пред нас пратениците да го брани и одбрани се разбира во интерес на сите спортисти на Република Македонија. Да почнеме да се подготвуваме за наредната олимпијада, да не биде доцна, да не кажуваме како што кажувавме дека тоа требало пред две години, пред четири години, тоа треба секогаш да се почне веднаш и сега. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Макрадули имате реплика, повелете три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Ја префрливме темата на една тема што навистина ги загрижува љубителите на спортот, но мислам дека во целата дискусија во која имаше навистина многу аргументи г-динот Мавровски практично сакаше да го амнестира МОК наводно со недоволните средства или средствата што доцна им ги даде Владата.

МОК е многу богат комитет, добива огромни донации од Меѓународниот олимпски комитет, читаме секакви афери што се случуваат таму и мислам дека не треба да го амнестираме од бруката што ја доживеавме на олимписките игри.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ред е г-дине Макрадули, но најмалку што сакав да го амнестирам Македонскиот олимписки комитет, донациите се огромни, но сите знаеме колку чини подготовката на еден спортист во тие олимписки циклуси од четири години, се работи меѓу 500.000 и 1 милион евра за еден спортист, ако сакаме да постигне некој резултат.

Колкави се донациите во МОК, сигурно не се такви за да можеме нашите спортисти во текот на олимписката година да ги пуштаме во соседните држави да

можат да тренираат во пливачки базени кои воопшто не одговараат на олимписките димензии.

Тука е нашиот проблем и тоа е што сакав да проговорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Јусуф Арифи, а нека се подготви пратеникот Иван Анастасовски.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани дами и г-да пратеници,

Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за спортот е многу сериозен закон . Во предложените измени од страна на Владата со овој предлог мислам дека ќе се постигнат квалитативни реформи што се однесува до децентрализацијата и структурниот дел на законот за спортот.

Имајќи во предвид дека спортот е еден многу значаен фактор за изградба на едно здраво општество сигурно се обидело и порано да се направат интервенции со предлози спортот да дојде во свои законски рамки.

Уште во 1994 година биле регулирани неколку норми во областа на спортот а во 1996 година, е донесен нов закон кој кореспондираше со измените и мислам дека тој закон неколку пати беше надополнет.

Сепак, брзината со која се случуваат овие измени во општеството влијаат и за промени во областа на спортот. Поради тоа дека е ова многу чувствително како дејност особено од влијанието на релевантни фактори во општеството спортската дејност треба да има измени кои во форма на симбиоза треба да стане голем фактор во развојот на севкупното општество.

Во 2002 година, е донесен нов Закон за спорт кој отвори простор граѓаните во спортот да можат да се трансформираат во трговски акционерски друштва.

Исто така со донесување на овој закон се овозможува реализација на обврските на Република Македонија што произлегуваат од меѓународните конвенции од областа на спортот и тоа: регулирање на статусот на спортистите во рамките на професионалноста, да се решат обврските за организирање на спортски напревари, манифестации и др.

Во меѓувреме, исто така се донесени и други закони кои се блиски во однос на областа на спортот така што се импонира потребата да дојде до усогласување на овие закони.

Меѓу позначајните закони кои се во допир со спортот е донесување на Законот за локална самоуправа со кој е направено едно усогласување со Законот за спорт и тоа во делот на пренесување на ингеренции од централната на локалната власт. Тоа се развој на помасовниот спорт, рекреативно спортските активности на граѓаните, организирање на спортски натпревари, разни спортски манифестации, изградба и одржување на спортските објекти. Подржување на поврзување на локалните општински организации и организациите од спортот во Градот Скопје. Од донесувањето на законот до сега констатирани се неколку аномалии од областа на спортот каде не се земени демократските принципи во однос на раководењето со спортските федерации и како последица на тоа во последно време имаме паралелни спортски федерации.

Што се однесува до појавата на паралелни спортски федерации, на последната седница на Комисијата за образование и наука беше дебатирано во член 19 од Законот за спорт кој вели - спортските дисциплини, како што е школскиот спорт, универзитетски хендикепирани лица, не може да се соберат во една заедничка државна федерација. Потоа во параграфот 3 од членот 19 се вели дека во еден спорт може да се формира само една спортска федерација од таа спортска дисциплина. Затоа имавме ситуации кога се појавиле паралелни спортски федерации во неколку спортски дисциплини, бидејќи некои спортски дисциплини во себе имаат повеќе верзии, имаат посебен систем на натпревари, имаат посебни правила, така што се разликуваме во однос на другите спортски дисциплини, иако се во рамките на една единствена спортска дисциплина. Еве да го земеме кикс боксот како спортска дисциплина. Има пет дисциплини и сите тие работат како посебни федерации.

Параграф 3 од член 14 вели: “Во една спортска дисциплина може да има само една спортска федерација”. Ние имавме случаи каде во кикс боксот имаше потреба за формирање на посебни федерации во една од федерациите која постои во светот, во кикс боксот, кои може да учествуваат на натпревари оранизирани во тие федерации. Овие федерации ние ги нарекуваме паралелни спортски федерации. Затоа по дебатата во Комисијата, интервениравме со амаднмани за измена и дополнување на Законот за спортот, и тоа во член 14 по параграфот 4 да има нов параграф кој вели: “Спортските дисциплини кои произлегуваат од иста спортска

дисциплина, а се разликуваат меѓу себе по системот на натправари, треба да формираат државни федерации од адекватни спортски дисциплини”. Со овој амандман со кој се согласија сите членови на Комисијата, како и предлагачот на законот, ќе се создаде можност за сите оние спортски дисциплини кои во себе имаат сојузи кои се разликуваат меѓусебе, што се однесува до системот натпревари и други права, да формираат спортски федерации за да учествуваат на некој начин, како на државни така и на европски и светски натпревари.

На седницата на Комисијата интервениравме со амандман на член 9 од Предлог-законот и член 27 параграф 1 кој се менува и вели: “Професионалниот кадар, во рамките на Законот, се лица кои завршиле најмалку висока тренерска школа или факутет за физичка култура”. Овој предлог да биде параграф 1 од тој член, а  параграфот 1 да биде параграф 2.

Извинете на параграф 1 од член 27 имаат за цел да влијаат на квалитетот на тренингот, бидејќи директно влијаат на селективниот начин на професионалното подготвување на лицата кој ќе работат во областа на спортот. И овој амандман го поддржаа сите членови на Комисијата.

На крајот, за да не одземам повеќе време ќе кажам и неколку зборови за донесувањето на новиот Предлог-закон пред да навлезам во анализата на членовите од овој закон. Се разбира обфразложението, потреба за регулирање на децентрализацијата во областа на спортот, бидејќи ова е иницирано од донесувањето на Законот за  локална самоуправа и тоа во областа на оние сфери кои се однесуваат на работењето во областа на спортот, во локалната самоуправа и потребата за дефинирање на претставници на спортските државни федерации, во државта, но и надвор од неа.

Статутарните прашања кои не се разрешени, во областа на финансирањето на спортот, потребата од професионални кадри во спортот и учеството на претставниците во легалните области во областа на спортот, како и решавање на нивниот професионален статус во спортските клубови каде тие се ангажирани, примена на спортско информативната мрежа, засилување на надгледување од страна на компетентните органи, во однос на развојот на спортот.

Се разбира дека треба да се спомене и заштитата на здравствената и психичката состојба на секој спортист, создавање на исти услови за извршување на спортски активности во рамките на спротските клубови што ги знаеме како трговски или спортски друштва кои извршуваат работи од областа на спортот,

професионализација за извршување на работа на спортски активности, рамноправна позиција во областа на спортскиот аматеризам и спортскиот професионализам и извршување на јавните работи во областа на спортот, во ингеренции на локално и на државно ниво.

На крај да кажам дека донесувањето на овој закон е продолжувањето на активностите за поврзувањето на нашата држава со Европа, во областа на спортот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арифи.

Повелете господине Анастасовски, имате збор.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе,

Колеги пратеници, претставници на Владата, јас ќе бидам краток ќе го искористам моето право, бидејќи не учествував во расправата на Комисијата за образование, наука и спорт, бев спречен од оправдани причини.

Најпрвин, бидејќи зборуваме за Законот за спорт, сакам да ја честитам победата на нашата кошаркарска селекција вчера против селекцијата на Грузија, бидејќи е од битно значење.

Би сакал да напоменам дека тоа е нов закон. Законот за спротот донесен во 2002 година и допрва тој треба да се имплементира во пракса. Досега праксата покажала дека тој се спроведува не толку на задоволително ниво. До 2005 година Законот ги обврзува сите спортски клубови, како здруженија на граѓани, да се трансформираат во трговски друштва. Јас мислам дека тоа е едно од позитивните решенија со што ќе се влијае врз подобрување на квалитетот на спортот, бидејќи со самиот текст на закон не сум многу убеден во тоа.

Ќе проговорам само околу два члена и нешто ќе сугерирам, бидејќи во недостаток на некоја институција која го регулира тоа прашање, Законот е оставен под Министерството за правда да ги регулира односите во спортот.

Во членот 2 се кажува: “Спортскиот клуб може да оранизира спортска школа во спортот”. Сега тука терминот “во” незнам дали е најсоодветен, дали не треба да биде - од спортот. Тука е претставникот, па би сугерирал да размисли околу тоа.

Понатаму во член 7 односно член 22-а во ставот 4 каде се зборува за изградба и одржување на објекти за спорт и каде во последната реченица стои - определување на рекреативни зони за масовно спортување.

Тоа го говорам бидејќи Европскиот спортски совет во 1996 година во Копенхаген донесе едни правила со кои се уредува како треба да изгледаат и како да се организираат рекреативните зони за спортување. Незнам дали тоа е искористено.

Тука само би сугерирал, после зборот “определување на”, да се додаде зборот “посебни рекреативни зони” бидејќи таму децидно стои како сето тоа е регулирано и како се основаат и градат тие рекреативни зони. Значи би апелирал после зборот “определување на”, да се додаде, како што реков “посебни рекреативни зони”, ако е тоа можно.

Друго што ме интересираше, мислам дека тоа беше расчистено на самата Комисија за образование, наука и спорт, го кажа и колегата што пред мене дискутираше. Значи останува натаму да се види како овој закон ќе се имплементира во пракса и како сето тоа клубовите ќе го прифатат, а јас мислам, за унапредување на спортот потребно е клубовите да дојдат во приватни лица, односно да имаат свои сопственици, а не како досега здружение на граѓани, со десет лични карти, ќе си правиме спортски клуб и ќе си играме спорт. Знажи да се знае точно сопственоста на одреден спортски клуб. Тоа е единствен излез од целата оваа ситуација во спортот. Верувам дека од 2005 година тоа цврсто ќе се имплементира во пракса, значи тие спортски клубови ќе се преиначат во трговски друштва и ќе си имаат свои сопственици. Така полека спотот ќе почнеме да го подигаме на повисоки рамки, а вчера со победата над Грузија покажавме дека и ние можеме рамноправно да се такмичиме во кошарка со големите европски сили.

Давам поддршка на овој закон и се надевам дека двете сугестии што ги дадов може претставникот да ги разгледа и да даде свои мислења.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господине Мавровски, барате реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека во дискусијата на мојот ценет колега пратеник, неговото размислување дека трговските друшта се решение за спортот, апсолутно е

неприфатливо затоа што треба комплетно да го менуваме начинот на кој спортот се обавува во државата.

Вие како сопственик, еве и вие лично имате спортски клуб знаете дека за време на натпреварувањето многу поважно е да се определат правилата за игра, затоа што и такви стопанственици и газди на клубови каде ќе одлучи еден аматер судија или во една федерација каде се е договорено пред да почне првенството апсолутно никој не сака да вложи и кои се средствата што трговското друштво или тој поединец кој ќе го формира спортскиот клуб, ќе може да ги врати овие средства. Ако ние веруваме дека има луѓе кои имаат неисцрпни приходи, кои може да вложуваат само во спортот, за возврат ништо не добиваат и не се ослободуваат од државата, апсолутно ништо нема да решиме. Значи тука аматерите ќе одлучуваат за нешто што значи професионализам. Значи треба да ги определиме правилата на игра, треба да ги донесеме законите и начинот на кој ќе функционира спортот. Со овој закон апсолутно ништо не решаваме, апсолутно ништо не се регулира и стојам на мислење, а очекував и колегата Анастасовски да ми даде поддршка дека ова треба да биде само прво читање, прва фаза на овој закон и комплетно со претходниот закон кој вие како пратеници го имавте предложено, да најдеме нешто ново кое ќе значи напредок за спортот во Република Македонија.

Исто така не се согласувам со вас дека рамноправно можеме да се носиме со европските сили со големите европски сили. Во нив сигурно Грузија не спаѓа. Ги знаеме европските сили кои се. Грузија во кошарка губела од Македонија и со 20 разлика. Но, во секој случај тие одат напред. Ние, и оние играчи кои ги имаме во европските клубови, апсолутно како спортска федерација не овозможуваме да го дадат својот максимум во репрезентацијата. И тука е уште еден проблем за кој во овој закон треба да се проговори и како државата ќе ги решава тие проблеми. Мислам дека тоа е начинот за напредокот на спортот во Република Македонија. А да се занесуваме дека сме некаде рамноправни, коге веќе и по незнам кој пат неможеме да одиме ни на европско, ни на светско првенство, и пак нема да одиме и влегуваме во некоја втора зона, тоа апсолутно не е така и тука е проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Анастасовски, една минута контра реплика.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Колега Мавровски, јас го респектирам вашето мислење и она што наназад, практично го знам и се случувало во спортот, не би можел сега тоа за една минута да го искажам. Ваше мислење е дали ние можеме да се најдеме на завршницата на европско првенство. Чувајте го тоа за вас. Јас имам спротивно мислење.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвоие следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за спортот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласале 59 пратеници, 56 гласале за, нема воздржани и тројца против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресат и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 58 пратеници, 56 за, нема воздржан и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 21 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандмани за менување на член 4 и за менување на член 9 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот кој го предлага Комисијата за жал не може Владата да го прифати од технички причини. Од причина што ние се согласуваме и сметаме дека е добро да се прифати суштината, односно тоа што се сака да се постигне со измената на ставот 1. Меѓутоа, поради технички причини не можеме, затоа што би се создале проблеми при утврдување на конечниот текст на таа одредба. Од таа техничка причина не сме во можност да го прифатиме овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Има збор г-динот Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Благодарам претседателе.

Предложениот амандман од страна на Комисијата нема да влијае врз квалитетот на законот. Но, ние мислевме дека треба да се направи една селекција на професионалните кадри што се однесува до нивната професионална подготвеност. Но, сепак, бидејќи немало можности на време да се направи техничка интервенција, бидејќи и за овој амандман на седницата на Комисијата предлагачот на законот се согласи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 15 гласале за амандмаот, 2 воздржани, 39 против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

За време на гласањето во салата биле присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, претставници на Владата, колеги пратеници, Законот кој што се предлага во Собранието, јас би се задржал само на делот кој што врши децентрализација фактички на спортот во Република Македонија, односно најважното мислам дека е она кое што се дава можност спортот да го префрлиме на општинско ниво и тука да се развива. Факт е дека во изминатите годин спортот во Република Македонија е целосно уништен и воопшто не егзистира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стаменков, ве молам да дискутирате по текстот на законот. Имавме општа расправа, ако сте задоцниле вие на општата расправа тоа е секако ваша грижа, не е моја грижа. Сега ве молам, по членовите дискутирајте по законот.

Мислам дека тоа преминува во пракса која што само ефикасноста ни ја намалува. Денеска ја поминавме и правата фаза. Сега дискутираме по текстот на законот.

Ве молам, дискутирајте по текстот на законот.

ВЛАДО СТАМЕНКОВ:

Значи, овој текст на законот предлага да се префрли спортот на локално ниво, односно општините да се грижат за него. Тоа е добра работа бидејќи општините сигурно ќе бидат подобри во таа работа и спортот знаеме на кое ниво е, сигурно ќе се подигне на повисоко ниво. Инаку, сакам да кажам дека ова може би како почетна фаза е добро, но понатаму овој закон треба уште повеќе да се усовршува и уште повеќе да се приближува кон европските законодавства. Бидејќи имаме доста и недефинирани области кои што можат многу попрецизно да се дефинираат и сето тоа ќе придонесе кон една законска регулатива која што ќе влијае можеби на она кое што во светот важи како правило спортот дека е најважен за една држава, или

нација. Се надевам дека тоа ќе биде многу брзо, бидејќи ние само со ваков поквалитетен закон за спортот можеме да одиме напред во овој дел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 56 за, нема воздржан, 2 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за спортот.

Почитувани пратеници тука го завршуваме првиот дел од денешната сесија, а продолжуваме во 14,00 часот.

(Пауза до 14,00 часот)

(По пауза).

(Седницата продолжи со работа во 14,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците, да влезат во салата.

Почитувани пратеници преминуваме на точката **23-Предлог на закон за пожарникарство, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, која бара збор?

Госпоѓа Иванова Цветанка е пријавена, а не е тука, избришете ја.

Молам, дали некој друг бара збор?

Господине Апостоловски повелете.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Најнапред да го искажам своето задоволство од предложениот текст и содржината на законот од причини што со законот се надминуваат сите пробелми што ги имавме со стариот Закон во период од 1986 година.

Исто така да го искажам своето задоволство што со овој закон надлежностите се спуштени на локално ниво каде се основните проблеми при решавањето на сите појави на пожарите и организацијата на противпожарната служба.

Исто така со предложениот текст на законот се реализира и обврската од член 51 од Националната концепција за одбрана која ги дефинира стандардите на НАТО што треба да ги исполниме и каде што ние како држава се стремиме да припаднеме.

За одбележување е и принципот на формирање на противпожарните единици на две нивоа и тоа на територијално ниво и на професионални противпожарни единици каде се запазени одредени критериуми што мислам дека се задоволителни.

Во истиот закон се определува и бројот на припадниците на територијалните противпожарни единици. Добро е решено организирањето на сезонските пожарникари во разни период од годината во проценка за загрозеност на територијата од пожари.

Ме радува фактот што за прв пат овој закон предвидува финансирање на доброволните противпожарни друштва, начин на финансирање, начин на нивно делување и се дефинирани обврските, правата, должностите на припадниците на доброволните противпожарни друштва.

Ме радува фактот што за прв пат се дава можност членовите на противпожарните друштва да имаат предност при потполнување на професионалните противпожарни единици.

На соодветен начин исто така е решена и постапката на ангажирање на единиците при појава на пожари на отворен простор и на пожари кои зафаќаат поголема пворшина.

Од тие причини јас ќе го подржам законот и мислам дека со донесвуањето на овој закон навистина ќе се надминат проблемите што ги имаа припадниците на противпожарните друштва и противпожарните единици при нивното дејствување во гаснењето на пожари.

Багодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидјеки треба да пристапиме кон гласање на заклучок.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Почитувани пратеници, бидејки Комисијата за европски прашања има протокорална средба до 15,00 часот објавувам пауза до 15,00 часот.

Молам, Комисијата до 15,00 часот да заврши со своите протоколарни обврски.

(Пауза до 14,15 минути).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам службите да го утврдат бројот, а сите други пратеници кои се во клубот или надвор ги молам да влезат.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците во салата).

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи има надеж да ги завршиме денеска законите за да во вторник немаме седница и да бидеме цела недела слободни.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат и така до 15,00 часот комисиите работеа, се надевам дека комисиите завршија, па ги молам да слезат и да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Вкупно имаме 58 пратеници.

(Во меѓувреме во салата влегуваат и други пратеници)

Бидејќи во салата има присутни со кои се обезбедува кворум, 62 пратеници, ве молам да не се пребројуваме и да ги притискате копчињата сега кога ќе биде гласањето.

Му предлагам на Собранието да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за пожарникарство.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, сите 62 пратеници гласале за, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам, без разговори при гласањето.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 11 став 2 за додавање нова реченица по алинеја 4; член 16 став 2 алинеја 2; член 38 став 2; член 54 став 1 алинеја 4; член 57, член 58 и на член 61 став 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на член 16 став 2 алинеја 2 и на член 61 став 3, кои се со иста содржина со амандманите на Владата, кои станаа составен дел на текстот на Предлогот на законот и по нив нема да водиме претрес.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на член 54 став 1 алинеја 4; член 57 и на член 58 кои суштински се со иста содржина со амандманите на Владата на Република Македонија поднесени на овие членови и по нив нема да водиме претрес.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на член 11 за додавање нов став 3 по став 2; за додавање нов член 30-а по членот 30; член 32 став 1; член 34 став 1 за додавање нова алинеја 2 по алинејата 1 и на член 38 став 2, по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 20 став 1; член 26 став 1; член 31 став 3; член 48 став 3; член 49 став 1 и 2 и на член 51.

Владата на Република Македонија во меѓувреме поднесе амандман на член 61 став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Не се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратнинк, 2 гласале за амандманот, нема воздржани, 59 се против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 20, став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 30-а по членот 30 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1 за додавање нова алинеја 2 по алинејата 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 2 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Се јавувам во својство на известител од Комисијата за одбрана и безбедност.

Поради тоа што Владата поднесе идентични амандмани, во името на Комисијата ги повлекувам амандманите ВИ, ВИИ, ВИИ, ИЏ и Х.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Ова не е амандман што го повлекувате вие бидејќи ова е петтиот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Хазби Лика, заменик министер.

Повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа и овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете г. Голомеев, имате збор.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници,

Би сакал само накратко да го искажам своето задоволство од предложениот законски проект што регулира една исклучително значајна област што се однесува на заштита на општествените и природните добра од пожари.

Ова е закон што го заменува законот 1986 година и мораме да признаеме дека во овој меѓупериод, како да владееше премногу импровизација и неефикасност по ова исклучително значајно прашање или сектор, како сакате.

Пред нас се наоѓа проект што е дел од пакетот на пакетот на закони за децентрализација и што уредува уште една битна обврска на локалните самоуправи

и тоа на еден концизен, ефикасен начин, што остава простор и создава предуслови сосема ефикасно да се справуваме со овие природни катастрофи, што се реалност. Тоа се пожарите, посебно во летните периоди кога температурите се исклучително високи.

Инаку, законот е, пак повторувам, многу успешно конципиран. Ги одредува или дефинира професионалните противпожарни единици што се организираат на територијален принцип. Потоа, ги дефинира и доброволните противпожарни здруженија, од кои неминовно е да се регрутираат доброволци и индивидуи кои ќе помагаат во пошироките, поопсежните акции што ги имаме кога се судираме со значителни проблеми во реакцијата кон вакви природни катастрофи, од една страна.

Од друга страна, многу концизно е регулирано прашањето околу финансирањето, што беше посебна тема уште кога се донесуваше Законот за финансирање на локалната самоуправа, кога се бараше или се инсистираше финансирањето на оваа област, на противпожарната заштита биде комплетно во рамките на буџетот. Меѓутоа и сега, со решението околу финансирање на оваа дејност е јасно дека сепак, со блок дотации ќе се финансираат сите професионални противпожарни единици.

Што се однесува до зголемените трошоци при организирање на акции од поширок тип, тогаш, при регрутирање на доброволци, тие трошоци ќе паѓаат само на локалната самоуправа.

Инаку, многу добро се регулирани изборите на финансирање што, и покрај блок дотациите во рамките на буџетот, како можни извори на финансирање јасно се дефинираат 12% од осигурувањето против пожари, од процентот на каско осигурувањето на возилата и, што е многу битно да овие средства, по овие осново ќе бидат користени од страна на Дирекцијата за заштита и спасување, строго наменски, за купување и опремување на територијалните противпожарни единици.

Исто така, во законот јасно се дефинира и обврската на секој граѓанин поединец, обврската на јавните претпријатија, на поголемите стопански организации што мора да го понесат својот дел на одговорноста во организирањето на противпожарната заштита, односно во обезбедувањето на поголема сигурност на општествените, но и на приватните добра.

Законот завршува со казнените одредби што се строго децидни и не оставаат простор за инпровизација. Така што, сигурно дека со целосното спроведување на овој закон, секој чинител ќе биде свесен за својата одговорност

што прецизно се лоцира и мислам дека со овој закон се отвораат перспективи за една многу поефикасна, порационална борба против овие стихии со кои се соочуваме скоро секоја година.

Уште еднаш давам потполна поддршка на овој законски проект и од името на пратеничката група на ЛДП, во потполност ќе го поддржам законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. Томиќ, имате збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Благодарам г. претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството, почитувани колеги пратеници,

Заштитата од пожари е работа од јавен интерес, при што, заради заштита од пожари и спасување на животот, луѓето и граѓаните, државните органи и јавните претпријатија, здруженијата на граѓаните и другите правни субјекти преземаат мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожарите, спречување на ширењето на пожарите, гаснење на пожарите и укажување на помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар.

Бидејќи ова е расправа по текстот на законот, би сакал поконкретно да се задржам на неколку одредби што лично сметам дека се направени на еден многу стручен и квалитетен начин. Меѓутоа, поради пошироко запознавање на јавноста, мислам дека треба јавно да се соопштат.

Прво, со предложениот закон се промовира еден нов концепт на организација на гаснење на пожарите, односно на делувањето на противпожарните единиви во Република Македонија, во насока на подобрување на ефикасноста при гаснењето на пожарите.

Мене многу ме радува што при изработка на овој закон е вклучено едно компаративно искуство од другите земји и на тој начин доаѓаме навистина до еден солиден и квалитетен текст. Самиот закон е поделен во 9 глави. Не би ги набројувал посебно.

Меѓутоа, тоа што посебно сакам да го кажам, тоа што се обиде колегата Голомеов, меѓутоа не до крај влезе во елаборација, би сакал да кажам дека имаме неколку критериуми и стандарди за формирање на територијални противпожарни

единици, кои се содржани во членот 5 на овој закон и тоа кои, ми се чини, токму ја погодуваат структурата на кој начин ова нешто би се организирало. Пред се, главниот критериум е бројот на населението на општината и се условува видот на територијалната противпожарна единица, дали тие ќе бидат професионални или ќе бидат од мешовит состав, или ќе бидат од доброволен состав. Критериумот е кај нас од 12 илјади жители. Се формираат целосно професионални територијални противпожарни единици кои опфаќаат, а би сакал да ги кажам и местата. Тоа се: градот Скопје, општините: Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово, Штип, Ресен, Кавадарци, Валандово, Дебар, Берово, Виница, Делчево, Крива Паланка, Кратово, Струга, Кичево, Крушево, Македонски Брод, Радовиш, Свети Николе, Пробиштип, Демир Хисар и Неготино.

Во законот е предвидена можност на општините, чие седиште е оддалечено повеќе од 20 км од наведените општини, исто така да се формира вакво здружение или пак предвидено е во одредба на законот, по потреба помеѓу повеќе општини да се формира еден заеднички сојуз.

Она што беше истакнато и тука, а мислам дека е содржано во членот на законот за средствата, станува збор за средства од 12% од наплатени премии од осигурување по основ на ризик од пожар, дека се уплатуваат на посебна сметка во Дирекцијата за заштита и спасување, а исто така финансиските средства од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила или касно осигурување, се исто така наменети токму за оваа цел.

На овој начин доаѓаме до еден современ закон со кој што се регулира оваа исклучително важна област. Инаку, мене ме радува што тука се содржани одредби каде што се контролира ваквата намена од 10 до 15 години, односно се прави една целосна евиденција.

Повторувам, станува збор за ретко квалитетен закон, па би сакал да ја пофалам Владата, а посебно Министерството-изработувач на ваков текст, бидејќи и таму во Комисијата каде што расправавме по текстот на законот ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Томиќ, јас г. Стаменков го прекинав бидејќи ја пропушти можноста да дискутира по општиот дел на текстот на законот.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Не сакам да зборувам член по член, претседателе се трудам дискусијата да биде кратка ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па ве молам, тоа е идејата да се дискутира по текстот на законот.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Со тоа завршувам, од тие причини сакам да кажам дека во целост го поддржуваме текстот на законот.

Она што сакав да го кажам, а вие ме прекинавте претседателе е дека и на Комисијата нашите забелешки беа во целост уважени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сето ова што вие го кажавате и го кажа г. Голомеов требаше да се каже во општата расправа, бидејќи ние денеска имавме општа расправа по текстот. Ова е расправа по текстот, по Предлогот на законот.

А, тоа што ние доцниме по 15-20 минути после 3 часа пауза, па го пропуштаме моментот да дискутираме по општата расправа по Предлогот на текстот, тоа веќе е друго прашање. Затоа, во иднина нема да дозволам да се водат општи расправи кога се дава збор по текстот на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале за законот, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за пожарникарство.

**Минуваме на точката 24 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.**

Тука е претставникот на Владата, министерот за транспорт и врски.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Повелете господине министре имате збор.

АГРОН БУЏАКУ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Потребата за измена и дополнување на законот за јавни патишта произлезе заради разграничување на надлежностите и овластувањата на работите на државните инспектори за јавни патишта и работите на општинските.

Имено, би сакал да истакнам дека со Законот за локална самоуправа, точка 22 став 1, меѓу другото е утврдено дека општините се надлежни за вршење на работите што се однесуваат на изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти. Во постојниот Закон за јавни патишта се разграничени помеѓу државните органи и опшртинските органи.

Од овие причини нема потреба од децентрализирање на работите од државните органи на општинските, бидејќи до сега општините се грижат и ги извршуваат работите што се однесуваат на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, управувањето и финансирањето на локалните патишта и улици.

Имајќи ги во предвид одредбите на членот 21 и членот 70 од Законот за локалната самоуправа каде е утврдено дека надлежностите на општините се целосни, исклучиви и не смеат да бидат одземени или ограничени освен во случаевите утврдени со закон, како и дека прецизни се определени органите за вршење на надзор над законитоста на работењето на органите на општината, неопходна е потребата од разграничување на работите на инспекциските органи на ниво на државен орган и на ниво на органите на општината.

Имено, целта на законот е да се прецизираат и утврдат случаите кога и на кој начин се врши инспекциски надзор во областа на управувањето и заштитата на патиштата од страна на органите на општините, а во кој случај од страна на инспекциските органи на државата.

Исто така, со законот се предлага, што е во согласност со членот 21 став 3 од Законот за локалната самоуправа, органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот да ја следи законитоста на работите на органите на општината во областа на локалните патишта и улици, да оценува дали органите на општината и на Традот Скопје своите надлежности ги извршуваат согласно стандардите и постапките утврдени со закон, да им дава препораки за доследно спроведување на нивните надлежности, да го следи навременото донесување на прописите и тн.

Со законот се предвидува норма, доколку органите на општината и на Градот Скопје, и покрај укажувањата, не го обезбедат извршувањето на работите од нивната надлежност, да им се одземе вршењето на работите најмногу до една година во име и за сметка на општината и на Градот Скопје.

Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта беше разгледан и поддржан без посебн забелешки од страна на ЗПК и Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата за да гласаме.

Бидејќи претресот е заклучен, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучик:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против. На претходното гласање беа 61 пратеник и бидејќи никој не излезе од салата, значи минимум има 61 пратеник во салата.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 11 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 8 во новиот член 117-б точка 11, член 8 во новиот член 117-в за менување на ставот 3 и на член 10.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 117-б точка 11, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Агрон Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатне и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 117-в за менување на став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да го утврдат бројот за да бидеме прецизни заради стенографските белешки.

Уште еднаш молам сите да притиснеме на копчињата, инаку вака постојано ќе се пребројуваме, а тоа одзема време.

Во времето на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта.

**Преминуваме на 25 точка од дневниот ред - Предлог на закон за градба.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Повелете господие министре, барате збор.

АГРОН БУЏАКУ:

После заклучокот на матичната комисија и живата дискусија што се водеше во Комисијата во која беа присутни и претставници на јавн субјекти и заинтересирани, Владата на Република Македонија и јас како претставник одлучивме да му предложиме на Собранието овој предлог да го разгледа во нацрт фаза на оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е според член 163 од Деловникот.

Предлогот на министерот за транспорт и врски овој закон да оди во нацрт фаза го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласае.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по Нацртот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Поповска, а потоа нека се подготви господинот Томе Тромбев.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам претседателе.

Почитуван господие министре, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе се задржам само на еден аспект од законот. Имено, во законот за градба сметам дека треба да се вградат одредени одредби и одреден дух со кој ќе се обрне посебно внимание на лицата со посебни потреби или на лицата со

инвалидност. Имено, сметајќи дека ова ќе биде закон во последна фаза, Интерпартиската парламентарна лоби група за лицата со посебни потреби подготви редица амандмани со кои сакавме да посочиме на одредени ставови кои треба да бидат вградени во овој закон, па ја користам оваа прилика, со оглед на тоа дека законот ќе има уште една фаза, само да апелирам до министерот Буџаку и Министерството за транспорт и врски да ги земе предвид тие наши амандмани и да ги вгради во крајната верзија на текстот.

Инаку, должна сум да кажам дека овие амандмани беа потпишани од 13 претставници од Интерпартиската парламентарна лоби група за лицата со посебни потреби, конкретно од колегите Благоја Гешовски, Фатмир Асани, Силвана Бонева, Агим Џелили, Ристана Лалчевска, Соња Лепиткова, Спиро Мавровски, Тито Петковски, Елеонора Петрова Митевска, Исмет Рамадани, Слободан Чашуле, Зоран Шапуриќ и јас како една група пратеници од различни политички партии кои се обидуваме да ја подобриме законската регулатива во оваа сфера.

Само да спомнам на што се однесуваат нашите сугестии и што очекуваме да биде вградено во крајната верзија на законот за градба. Од една страна, се однесуваат на усогласување на терминологијата, при што би замолиле наместо терминот “хендикепирани лица” да се употребува термин “лица со инвалидност” и “лица со хендикеп”. Имено, ниту науката ниту практиката кај нас и во светот немаат целосна согласност околу употребата на терминологијата, но во секој случај без оглед на тоа кој термин ќе се искористи постои целосна согласност дека зборот не семее да биде именка туку опис, на пример, инвалид, односно наместо инвалид и дефектен да стои “лице со хендикеп”, “лице со инвалидност”, “лице со посебни потреби” и сл.

Ова сметам дека е важно, затоа што само една страна на особеноста на индивидуата никако не смее да претставува и целосно обележување на личноста, така што сметам дека би било добро, а тоа го сметаме заедно со колегите кои го потпишавме тој амандман, дека би требало да се направи едно такво усогласување, а дополнително да споменам како аргументација дека повеќе невладини организации расправаа на оваа тема и дојдоа до вакви сугестии и вакви препораки.

Од друга страна, во следниот амандман е предложено односно се инсистира да се вгради формулација со која ќе се обезбеди непречен пристап и движење на лица со инвалидност, со тоа што би инсистирале на поголема конгрола на градбата

и сметаме дека ќе треба да се заштити на секој начин пристапноста на објектите уште во фазата на ревидирање на проектот.

Трета работа која би сакала да ја истакнам е дека би инсистирале да влезе во крајната верзија на овој закон, односно да се предвиди можност за одземање на дозволата за вршење на дејноста на изведувачот и во случај на прекршок кога прекршувањето се однесува на основните права на движење и достапност на објектите. Сметаме дека таквата санкција ќе го засили остварувањето на овие права на лицата со инвалидност. Вметнувањето на вакви одредби е значајно до толку повеќе што самите парични казни кои се предвидени во законот во некој случај се далеку помали во споредба со евентуалните трошоци кои адекватната примена на членот 13 може да ги наметне. Во крајна линија би очекувале да може да се обезбеди ваква формулација во текстот, каде ефектно ќе се затвори можноста за калкулирање на исплатливоста при спроведувањето на законот.

Еве, тоа сакав да го кажам. Мислам дека можеме да очекуваме позитивен исход од министерот Буџаку и јас искрено се надевам дека тој ќе ги земе предвид овие забелешки мои и на колегите, особено поради тоа што и самиот тој додека беше пратеник и потпретседател на Собранието на Република Македонија беше член на Интерпартиската парламентарна лоби група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Поповска.

Повелете господине Тромбев, а потоа нека се подготви пратеникот Лилјана Ивановска.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, најпрво би се обратил во својство на претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија, која на 22 и 23 јули ги разгледуваше предметните закони. И вчера кажав дека дел од таа дебата беа и законите за животна средина, меѓутоа, најголема дебата се водеше околу Предлог-законот за градбата и Предлог-законот за просторното и урбанистичкото планирање и би го прочитал во оваа прилика заклучокот на Комисијата. Го поздравувам гестот на министерот кој прифати согласно заклучокот на Комисијата да го разгледуваме денес овој закон во нацрт фаза.

Имено, заклучокот на Комисијата е следен:

Комисијата за транспорт, врски и екологија, соглансо член 163 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, заклучи да му предложи на Собранието

Предлогот на законот за градба да го разгледа како Нацрт-закон од причина што се работи за обемен и сложен закон, за чие оформување се потребни дополнителни консултации, проучувања и допрецизирање на одделни одредби, а Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за градба, имајќи ги предвид сугестиите и предлозите изнесени во извештајот на Комисијата.

Уште еднаш би сакал да му заблагодарам на министерот што ги ислуша препораките на Комисијата, се со цел да направиме навистина добри закони не само овој закон, туку и законот за просторно и урбанистичко планирање, кој закон е комплементарен со овој закон.

Предлогот за донесување на закон за градба го разлгедавме на 45-та седница на Собранието, имавме доста време да стигнеме до овој закон кој сега го разгледуваме во нацрт фаза и за разлика од претходната фаза морам да кажам дека текстот на законот кој ни беше предложен беше навистина за прв пат да се гледа во ова Собрание. Многу големи измени имаше во законот во фазата од предлог за донесување до овој Предлог на закон, меѓутоа, сега е Нацрт-закон.

Ние како Комисија се обидувавме и разговаравме на самата Комисија дали да интервенираме со амандмани, меѓутоа, големиот број амандмани беше беспредметен и затоа заклучокот на Комисијата е таков каков што ви го прочитав.

Комисијата го кажа својот став, веруам дека и дел од пратениците ќе го кажат својот став, меѓутоа, јас би сакал да изнесам некои кратки забелешки, бидејќи забелешките од Комисијата и јавната расправа на која присуствуваа околу 25 сведоци од еминентни институции од Република Македонија, од факултетите, научните институции, Стопанската комора, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, производните фирми што се бават со градежништво, направивме извештај со севкупните стенограми и тој ќе му биде предаден на министерот за да ги види забелешките од сите тие кои дојдоа и земаа учество.

Во оваа прилика би сакал да им се заблагодарам и на сите оние што зедоа учество во јавната расправа, бидејќи најдоа време во тој период на годишни одмори да учествуваат и дадат свој придонес во дефинирањето на законот, а исто така да им оддадам признание и на членовите на Комисијата кои навистина дадоа голем придонес во формулирањето на некои делови од законот.

Најпрво би сакал да почнам со текстот на законот, во делот на основните одредби. Имено, тука постои голема неусогласеност на термините и голем број на

јазични терминолошки грешки, како и неусогласеност на голем број решенија со постојното законодавство, а тука би го навел Законот за градежно земјиште, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за јавни набавки и особено Законот за просторно и урбанистичко планирање и едно еклатантно несовпаѓање меѓу едниот и другиот закон, при што би ја навел само терминологијата што се користи и во едниот и во другиот закон. Имено, во законот за градба секоја градба е “градба”, меѓутоа, за разлика од овој закон, во Законот за просторно и урбанистичко планирање се користи терминот “објект”. Со оглед дека тука е едно исто министерство и ги работи давата закони, би требало да постои усогласеност меѓу тие два закони.

Потоа, во истиот дел Основни одредби потребно е да се допрецизира и дефинирање на клучните поими од стручен и јазичен аспект, како не би предизвикале во натамошниот период на практикување на законот систематски грешки. Ценам дека во овој закон би требало да се додаде и една друга глава, Одржување на објекти, која во оваа фаза ја нема, бидејќи во Македонија имаме голем проблем со одржување на објектите. Во сите пописи утврдено е дека во Република Македонија нема поголем број на станбени објекти отколку што се реалните потреби, меѓутоа, за жал тие објекти не се одржуваат и го знаеме проблемот кој што е со одржувањето на ваквите објекти, еден дел во однос на одржувањето особено на станбените објекти е влезен во Законот за домување, меѓутоа, ценам дека и во овој закон добро би било да има еден дел на одржување на објектите.

Како што кажав, законот за градба и законот за просторно и урбанистичко планирање се и компактибилни и комплементарни. Го кажав примерот на употреба на термините градба и објект. Меѓутоа, исто така би го напомнал. И разликата во однос на употреба на еден од елементите, кој што е многу битен за изведување на градежна дејност, а тоа е градежната парцела, која што во овој закон е правилно употребен, меѓутоа, морам да нагласам дека во законот за урбанистичко планирање е употребно урбанистичка парцела, која што пак од друга страна од ниеден законик не произлегува. Во Законот за градежно земјиште се знае, тоа е градежна парцела. Тука би нагласил дека исто така треба да се усогласи употребата на терминологијата и дефиницијата на поимот инвеститор, бидејќи постои разлика

помеѓу дефницијата и инвеститор во законот за градба и дефиницијата на инвеститор во Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Во втората глава, технички начела за градба и технички својства на градежните производи направен е обид да се имплементира директивата на ЕУ 906, која што е главно директива на ЕУ, а таа е и позната како директива на градежните производи, која се однесува и за градежните производи и за објектите во целина. Тука се дадени техничкие својства на радежните производи и на градбите би морал да потенцирам, тоа се техничката отпорност и стабилност за заштитата од пожари, хигиена, здравје и заштита на работа и животната средина, сигурност во користење, заштита од бучава, заштита на енергија и термичка заштита и кога беше предлогот за донесување на закон јас нотирав дека во тој период беше една друга директива која што беше донесена од страна на ЕУ, тоа е директивата 9257, или директива за минимална безбедност на градилиштата и тој дел е имплементиран.

Меѓутоа, морам да кажам дека ова е само еден мал обид да се имплементира директива на градежни производи. Нема ништо во однос на техничките спецификации и на чините на тестирање, а со оглед дека ова е специфична директива од новиот приод за градежните производи и има посебни делови во однос на атестирањето со техничките спецификации, европското одобрение, сметам дека тој дел треба да се имплементира во овој закон, а тука гледаме дека ќе се носи посебен закон за таа материја, меѓутоа, тој мал дел , бидјеќи тој е комплементарен на Законот за стандардизација, метрологија и сертификат.

Ценам дека добро би било во овој закон да не носиме посебен закон, туку и тој дел да влезе во овој закон, а тоа е навистина мала работа која што треба да се донесе. Инаку, вака како што е поставено, јас незнам како ќе ги постигнеме барањата, кои што ги поставува директивата. Тоа е вториот дел.

Во третиот дел учесници во градењето, морам да кажам дека овој закон, читајќи го добивам впечаток дека е само закон за висока градба, меѓутоа морам да кажам дека се однесува и за други објекти, мостови, силоси итн, меѓутоа, многу малку може да се најде во овој закон за таквите објекти. Дадени се сите учесници во градбата, како што е инвеститор, проектант, евидент, изведувач, надзорен инженер, меѓутоа, морам да кажам дека некои делови не се прецизно објаснети нивните ингеренции и сметам дека тука треба такстативно да биде наведено кои се нивните ингеренции. Тука во законот претпоставка за инвеститор е наведено кој може само да биде  инвеститор, а не што се ингеренциите на самиот инвеститор. Мислам дека

тука треба да се подобри и нивните меѓусебни релации, на сите учесници во процесот на градба.

Има еден член 42, кој што ни паѓа во очи, неможам да го дефинирам самиот тој член, а тоа е членот што се однесува на странски архитекти и инженери кои што согласно со сите наши договори со Светската трговска организација итн. да можат да проектираат и да изведуваат објекти во Република Македонија , што не е спорно. Меѓутоа, спорно е еден дел, кој што вообичаено кај нас се дефинира, се вика врз основа на реципроцитет. Јас неможам да сфатам што значи тоа врз основа на реципроцитет и сметам дека тоа е спротивно со законот за јавни набавки, каде што нема привелегирани и по основ на реципроцитет може некој да биде привелегиран, затоа што бил странски архитект. Мислам дека ова со реципроцитет треба да отпаден од самиот закон, иако знам дека се употребува во различни закони, меѓутоа, за мене лично е недефинирана категорија.

Кога сме во овој дел морам да кажам дека треба да се обработи еден дел кај проектантот, дека на одредени проекти треба да постои и проектант-надзор. Потоа, во делот 4 - видови на проекти разработени се идејниот проект, главниот проект, изведбениот проект, меѓутоа, сметам дека уште два вида проекти се битни да се додадат во оваа колекција на проекти која што треба да ја има секој објект, а тоа е проектот за изведена состојба, која се прави врз основа на изведбениот проект и сите измени и дополнувања кои што ќе настанат во текот на градбата, бидејќи таквиот проект потоа треба да биде документ со кој што ќе се добива и уверение за употреба на објектот. И во еден дел на дефинирањето во овој дел треба да постои дефиниција статички проект. Статички проект во смисла на овој закон подразбира статички и динамички проект. Меѓутоа, динамичкиот вообичаено не се подразбира, па затоа предлагам кој што во еден дел на членовите постои да биде проект за конструкција кој што подразбира и статичка и динамичка анализа на самиот проект.

Во делот градење на градба , каде што е обработен делот за издавање на одобрение на градба, сметам дека малку е обработено учеството на јавноста, кој што сме должни во одредени конвенции да го спроведуваме и сметам дека во наредната фаза и тоа треба да го спроведеме и имплементираме во овој закон. Впрочем, и потписници сме на Австриската конвенција за учество на јавност. Меѓутоа, најзначајниот дел кој што во оваа прилика зборуваме, а тоа е делот на децентрализацијата, сметам дека е погрешно поставен во самиот закон. Јас го разбирам Министерството, ја разбирам и Владата дека тој тргнува од еден општ

концепт на децентрализација на надлежностите, предавајќи одредени надлежности на локалната самоуправа, одредени надлежности на државата и тоа особено и во делот на инспекцискиот надзор, имаме локален инспекциски надзор и имаме и државен инспекциски надзор. Истото е и во овој дел со издавање на дозволи. Една хипотетичка ситуација, имаме објект од републичко значење, тогаш документацијата и одобрението за градба се вади склоп, имаме објект од локален интерес, а према листата може да биде станбена зграда или станбена куќа а тоа е што се вади во општина. Јас би препорачал, бдејќи самата општина треба да владее со територијата на која што е објектот, добро би било постапките за објекти од републички интерес да почнуваат во канцеларијата на локалната самоуправа, па по одредена процедура и во одреден временски период, таа е должна да испрати до самото Министерство, како локалната самоуправа би имала увид дали некој смее да гради на нејзината територија . Мислам дека тоа е логично што треба да се направи во наредната верзија на законоти добро е што, јас имав предлог во претходната верзија, оној список на објекти, кои што се од републичко значење, да се префрли од законот за просторно и урбанистичко планирање, да се префрли во Законот за градба, бидејќи тука му е местото и навистина, тоа е така и направено. Меѓутоа, искрено сметам дека сеуште овој список на објекти е прешироко и Министерството за транспорт и врски, со оглед дека тоа е во моментот надлежно за уредување на просторот ќе биде претрупано со голем број на предмети од целата држава.

Ќе ви прочитам само еден пример, зошто мислам дека треба да се налаи. Вели во член 69 градбите кои поради нивна специфичност се од значење за Републиката и понатаму ги наведувам под еден магистрални и регионални патишта со нивни придружни градби, мостови, бензиски пумпи, паркинзи, мотели, сервиси. Никој неможе да ме убеди дека бензиски пумпи, мотели и сервиси се од значење на државата, иако тие се приклучен дел од магистралниот пат, меѓутоа, има процедура како и во која постапка тие се приклучуваат со нивната инфраструктура на магистралниот пат. Не мислам дека овие објекти треба да бидат ингеренција на издавање на одобрение на градба, а после ќе видиме и инспекциски надзор на државата. Исто така, мислам дека тука ќе има во член 10 една грешка и мислам дека таа треба да се корегира вели: “регионални и меѓурегионални системи за водоснабдување и одведување на урбани отпадни води со пречистителни станици”. Кај нас ниеден систем нема пречистителна станица. Затоа сметам дека пречистителните станици треба да се оделат под онв став и тие се можеби

ингеренција на локалната самоуправа, бидејќи тангираат еден регионален водовод, меѓутоа, се сместени на некоја локална самоуправа. Се согласувам нека бидат објекти од републички интерес, меѓутоа, треба да бидат посебна стафка.

Сметам дека и самиот закон е така концептиран што треба во наредната фаза да се направи категоризација на објектите, бидејќи во оваа фаза имаме ако ги читате дефинициите ќе сватите дека имаме три типови на објекти и тоа едноставни објекти, сложени објекти и семејни куќи. Семејни куќи си имаат друга намена зошто се дефинирани како семејни куќи. И малку дискутабилна е големината со која што се дефинирани тие до 400 квадратни метри итн. Меѓутоа, во самиот закон има една поволност за овластените проектанти инженери итн, кои што можат да изградат семејна куќа без поведување на одредена постапка, самите да направат сопствен проект, самиот проект да не го институционализираат итн, што сметам дека не е во ред, бидејќи и тоа е бизнис во крајна рака. Секој ќе каже јас правам семејна куќа и четири пати годишно може да направи семејна куќа и да ја продава .Е сега ако влези во промет таквата куќа ги нема сите квлаитети кои што согласно законот да ги поседуваме. Како што кажав сметам дека во наредниот закон треба да се направи одредена категоризација на објектите и тоа во зависност од вложеноста на конструктивниот систем на техничко технолошките услови и на тој начин сметам дека ќе биди контактибилен со законот.

Го поздравувам решението за здружување во Комора и самото оформување во комора кое што е третирано во законот и доста детализирано како што е вака направено во деветата глава, Надзор и инспекцискиот надзор го кажав проблемот кој што може да се јави во наредниот период кој што можеме да продуцираме согледиви последици . Имено, повторно ќе карикирам, имате одредена територија на локалната самоуправа, имате објект од локален интерес, имате објект до него од државен интерес. И сега, инспекциските органи на локалната самоуправа смејат да влезат само во објектот од локален интерес. Никако во друг интерес. Другите инспектори од републички интерес, смеат да влезат само во објектот од републички интерес и никако во другиот објект.

Сметам дека треба да се направи друга варијанта каде што инспекторите на локалната самоуправа ќе бидат суверени на цела нивна територија, независно од објектите, дали се од државен, или од локалне интерес.

Од друга страна, државните инспектори треба да и бидат суверени на целата територија на Република Македонија, бидејќи сепак се државни и треба да ја

контролираат целата територија. Сметам дека со ваквото решение ќе се подобри и квалитетот на градбите.

И крајно, за казнените одредби, морам да кажам дека паричните казни се релативно ниско одредени и сметам дека треба да има нивно зголемување. Ќе ви кажам само еден дел по однос на самиот закон. За изградба без дозвола на градба, казната е 100.000 денари. Секој може да најде добра локација да гради без дозвола и на крајот на краиштата профитот ќе му се исплати да ја плати и казната и ќе му останат многу повеќе. Затоа сметам дека казните, знам дека е проблем со Министерството за правда за билансирање на овие казни, меѓутоа сметам дека казните треба да се зголемат. Не би можел да кажам во кој ранг да се зголемат, меѓутоа сметам дека треба да се зголемат. Со ова би завршил и на крајот генерална препорака до Министерството и до Владата, сметам дека во наредниот период е потребно да се направат јавни расправи со стручни и научни институции, бидејќи навистина има што да кажат. Морам да кажам повторно дека втората фаза на законот е многу подобра од првата фаза, меѓутоа, сеуште треба да се доправи и сметам дека третата фаза ќе биде добра, меѓутоа, претходно треба да се направат јавни расправи кои што со стручни и научни институции овој закон ќе се моделира онака да биде добар за сите граѓани во Република Македонија, а еве и на наредната седница ние ќе го гледаме нацрт законот за општа управна постапка, кој што исто така е во корелација со овие закони. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Тромбев.

Повелете г-ѓо Ивановска, а потоа нека се подготви пратеникот Ристана Лалчевска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки, почитуван министер,

Ме радува фактот што Законот за градба го гледаме во Нацрт фаза и тоа беше мислењето на целата Комисија за транспорт и врски, овој многу значаен закон да се гледа во Нацрт-фаза од повеќе причини, затоа што овој текст на закон е сосема нов текст од претходниот и можам слободно да кажам дека претставува добра рамка и претставува добар текст за Законот, како што кажа и претходниот дискутант во делот на усогласувањето на терминологијата со Законот за просторно

и урбанистичко планирање, поготово што законот го добивме во еден многу краток рок. Ме радува фактот за Нацрт фазата и како што реков претставува добра рамка и можност за изработка на добар текст. И овој закон ги решава работите таму каде што завршува решавањето на просторот кој што го решава Законо за просторно и урбанистичко планирање или претходно тоа што го решава на таканаречениот Уставот на просторниот план на Република Македонија.

Сакам посебно да потенцирам во процесот на донесување на овој закон, кој што треба да се донесува на еден потранспарентен начин, особено во вклучувањето во јавни расправи во секоја фаза на донесување на Законот, посебно што стручната јавност беше заинтересирана со Законот за градба и Законот за просторно планирање на Херингот што го одржа Комисијата за транспорт и врски и отсекогаш сум се застапувала проектите на законите да се разгледуваат на комисиските расправи преку сослушување на јавноста, не само стручната, туку и граѓаните. Поготово, што овој закон вклучува многу учесници во градбата, особено инвеститорите кои не се експерти во оваа област, туку се заинтересирани за доста профит, проектантите, јавната администрација и во крајна линија потрошувачите, кои што морам да истакнам недвижностите се еден од најпрофитабилните бизниси во државата и секако тука се и реални точките на отпор за реформите во оваа област од разбирливи причини за остварување на профит задскриен од државата и секако овој закон претставува и државен интерес за побрзо донесување. Јас охрабрувам Владата похрабро да влезе во реформи во оваа област затоа што производот од овој закон, односно објектите се со огромни капитални вредности, а долго траат и оставаат трајни последици. Меѓутоа, исто така, претставуваат едни трајни вредности, особено ќе ја истакнам вредноста на традиционалната македонска архитектура, која што во овој транзициски период се заборавија некои вредности на просторот и сме сведоци на големи узурпации на просторот. Не треба да се пропушти шансата со храбрите реформи во оваа област да се заштити просторот од деградирање и желбата за профит, зграпчување на секој слободен простор. Овие два закони оставаат простор тие реформи конечно во Република Македонија да го решат тоа. Освен овие реформи во делот на менацирање на овој процес, секако претставува професионализација при изработка на техничката документација, особено во проектирањето и надзорот, каде што ја поздравувам иницијативата за формирање на Комората и тука е просторот за професионализација и саморегулација на проектантите од сите области, не само архитектите и градежните

инженери. Само регулацијата е како еден механизам европски, кој што доведува до еден висок степен на професионализација. Повеќе не треба да постојат импровизации во оваа област, така што овде ќе потенцирам дека дополнителното проектирање како дејност не треба воопшто да се дозволува со овој закон, затоа што претставува еден вид импровизација и злоупотреба на одредени функции на одредени луѓе кои работат во Министерството за транспорт и врски или во инспекциските органи или во некои други јавни претпријатија, кои што не велам дека не можат да изработат доволно простор, меѓутоа претставува конфликт на интереси.

Колегата Тромбев го истакна одржувањето на објектите како посебна глава, а исто така се согласувам со таа идеја и чувањето на техничката документација која е посебно важна во прометот на недвижности, затоа што кога граѓаните купуваат одредена недвижност секогаш се соочуваат со непреземање на техничка документација. Така чувањето не само на техничката проектна документација и точна дефиниција што значи тоа проектна и инвестициона документација, така што идниот потрошувач да биде заштитен при купување на одредено добро, одреден објект да поседува и техничка документација како би презеле конструктивни зафати на тој објект и сепак да знае што купува. Исто така, колегта Тромбев ја кажа потребата од изведбен проект, а кој што ќе ги внесе сите измени и на инсталации, сега зборувам за високоградбата и секако овој закон треба да ги опфати сите видови на објекти.

Посебно ќе истакнам, посебен дел да се опфати и на категоризацијата на објекти што е посебно важна, затоа што при доделување на овластувањата за проектирање и вршење на надзор со категоризацијата на објекти, ќе се овозможи и повеќестепено овластување и лиценцирање на проектантите и изведувачите и надзорите. Тоа е посебно важно во делот на заштита и на инвеститорот во дел на обезбедување на квалитетен проект и квалитетен надзор.

Во делот на овластувањата кои што треба да ги издава Комората, мислам дека тука Министерството треба да се ослободи од дискреционото право на доделување на овластување. Меѓутоа, треба да постои двојна контрола ;помеѓу Министерството и Комората, така што професијата да се ослободи од политички влијанија, но и да не се овозможи монопол на доделување на лиценци и треба прецисно да бидат дефинирани условите под кои ќе бидат доделувани одредени лиценци.

Исто така, процесот при издавање на градба во Извештајот на Светската банка јасно беше кажано должината во денови во Република Македонија за прибавување на документацијата трае страшно долго. Тоа граѓаните многу добро го знаат и тоа се секако недостатоци, меѓутоа, овој рок треба што е можно повеќе да се скрати со прецизни овластувања. При издавањето на одобрението за градење исто така треба да биде внесено, тоа е моја сугестија, делот за регулирање на надоместоци за изработка на проектна документација. На тој начин ќе се овозможи професионализација, квалитетен проект и сепак тоа претставуваат приходи во Буџетот на Република Македонија од регулирано плаќање на овој надоместок.

Исто така, ќе кажат и за насловот на законот кој што господинот Тромбев го кажа. Во минатото законот исто така беше закон за изградба на инвестициони објекти, затоа што објектите претставуваат инвестиции, не ја опфаќа само техничката документација. И Закон за градба, сепак не е доволно јасен и можеби закон за градење или закон за изградба на објекти, така што треба да биде усогласен со Законот за просторно и урбанистичко планирање. Секако дека граѓаните на Република Македонија се сведоци на реалните состојби во градежништвото и реалните состојби со непочитување, со изигрување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со урбанистички проекти, со изигрување на одредени ситуации, така што имаме едно узурпирање на просторот.

Во делот на инспекцискиот надзор, исто така ќе се согласам со мојот колега, дека треба да се диференцираат овластувањата на локалните инспекции,државните инепекциски органи со точно дефинирани надлежности, за да не се создадат такви ситуации за кои што колегата така широко зборуваше.

Во делот на казнените одредби, се согласувам дека се премногу мали казнените одредби, така што материјалниот интерес ќе преовладее над казнената одредба, при што во овој дел треба да се размисли за поголеми казни и во делот на извршувањето на инспекцискиот надзор на инспекторите во градбата.

Повторно ќе потенцирам, во процесот на донесување на конечниот текст на Законот да биде потранспарентно донесен законот, објавен текстот на Законот пред да помине во владина процедура пред да стигне во Собрание во една широка јавна и стручна расправа по овој закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Ивановска.

Повелете госпоѓо Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Иако, од претхдните говорници беа изнесени дел од забелешките кои јас ги имав на овој сега веќе Нацрт-закон, морам да напоменам дека доколку министерот не дозволеше да се смени фазноста на донесување на овој закон, навистина, ќе имаше некои решенија кои ќе поминеа, а нема да беа соодветни на состојбите, ниту пак ќе дадеа добри резултати.

Во овој Предлог-закон кој е сместен некаде во 11 глави со преку 200 членови, мислам дека треба посебно внимание да му се обрне и сите недоречености, користејќи ја стручната јавноста да се отстранат од законот за да дојдеме до едно соодветно решение.

Јас нема да се задржам на забелешките од колегите кои претходно ги кажаа, меѓутоа, би изнела некои свои забелешки кои не беа спомнати.

Во Предлог-законот за градба не се споменува никаде сеизмичката отпорност и стабилност. Тоа е некаде во членот 3, каде се споменува само механичка отпорност и стабилност, а истата во членот 4 од Предлогот во втората глава се разработува. Посебно е третирана и заштитата од пожари и заштитата од бучава, тоа се членовите 5 и 8. Мене навистина не ми е јасно зошто во оваа глава не е посебно третирана и сеизмичката отпорност и стабилност на објектите. Со оглед на фактот дека Република Македонија, територијата на Република Македонија се наоѓа односно претставува многу сеизмички активен регион и кога би направиле една ретроспектива на сите оние  земјотреси кои се случувале на територијата на Република Македонија, кои многу од нив биле со катастрофални последици, ќе дојдеме до заклучок дека потребни ни се решенија кои ќе нудат градба со сеизмички градби на објекти. Во Македонија се лоцирани неколку сеизмички зони, а тоа се Струмичката, Вардарската и Дримската и во сите овие региони имаме забележано по два, три и неколку посилни земјотреси кои имале висок интензитет на разорност. Најсвеж во сеќавање е секако земјотресот од 1963 година кој се случи во Скопје со огромна разорна моќ, каде што преку 80% од постојните објекти во тогашно Скопје беа разурнати, а тоа беше некој трет земјотрес кој се случуваше на просторот на Скопје, во еден подолг временски период со ваква разорна моќ. Од овие причини мене навистина не ми е јасно зошто во овој закон за градба не се внесоа одредби кои ќе бараат и сеизмичност на градбите како би можеле да ги заштитиме. Во Македонија отсекогаш, всушност првите сеизмички прописи некаде датираат од 1964

година, кои понатаму биле унапредувани во согласност со она што значело светски стандарди во сеизмологијата. Меѓутоа, од 1990 година наваму некако сите тие прописи ни се изгубија и од 1990 година наваму многу не се води грижа околу сеизмичноста на објектите, иако во Скопје постои Институт за сеизмологија кој е една научна институција, каде што имаме квалитетни стручњаци во оваа област и кои како до 1990 година би можеле да дадат придонес и во оваа регулатива, значи во овој закон да се внесат одредби за сеизмика на градбите. Тоа би била мојата прва забелешка и мислам дека во оваа глава 2 треба покрај механичка отпорност и стабилност да се внесе и сеизмичка отпорност и стабилност.

Другата моја забелешка се однесува на членот 50. Во членот 50 став 2 се вели дека проектот на постојната состојба содржи снимка на постојната состојба и проверка на исполнување на битните барања за градба. Ова се однесува, пред се, за реконструкција на градбите. Навистина, е потребно градбите кои се реконструираат, а поготово оние повитални објекти сеизмички да се испитуваат и во овој дел на реконструкција на градба, задолжително да се преиспита сеизмиката на таквите објекти, затоа што ние неможеме да знаеме каков материјал се вградил во овие објекти, колку тие објекти понатаму ќе можат да носат дополнителен товар со реконструкцијата. Ценам дека навистина е битно во овој дел во овој член да се внесе и сеизмиката при реконструкцијата на таквите објекти.

Тоа би биле моите лични забелешки, надвор од она што беше казано пред колегите. Уште еднаш би го потсетила министерот за предложените амандмани од интерпарламентарната лоби груба да ги земе предвид, да ги внесе како законски решенија во овој закон, бидејќи ценам дека нема друга алтернатива, освен во сите објекти да се овозможи пристапност на лицата со инвалидност. Ние како држава не смееме да правиме пропусти во оваа сфера, затоа што мора да им го подобриме животот на овие луѓе, а ако објектите не се пристапни за нив, тогаш ние не сме сториле ништо. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да го излгасаме заклучокот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

1.Собранието го усвојува Нацртот на законот за градба.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за градба, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозоте содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 пратеници гласале за, 1 воздржан, против нема.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во времето на гласањето беа 62 пратеници, еве ги 63, 64, но не пропуштија да гласаат колегите пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на точка 26. - **Предлог на закон за превоз во патниот сообраќај.**

Предлогот на законот, извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија и дописиот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени однодсно поделни.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 8 став 1, за додавање нова точка 4-а по точка 4, за додавање нова точка 8-а по точка 8 и за додавање нов став 4, по ставот 3; член 9 став 2, член 18, член 19 за додавање нов став 1, за преформуилирање на став 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 20 став 1, член 22 став 1, за менување на алинеја 8 член 55 за менување на став 3, член 80 став 1, член 82 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 90 став 1, алинеја 2, и на член 99 став 1, точки 4 и 19 и на тав 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 3 точка 10, член 3 точка 14, член 3 точка 26, член 3 точка 27, член 3 точка 29, член 21 став 2, член 43 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за додавање нов член 49 а, по членот 49.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка 1, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка 14, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка 26, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка 27, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка 29, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам  да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 5 за амандманот, 1 воздржан, 52 против амандманот.

Ве молам службите да проверат колку има присутни во салата.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на член 49-а по членот 49 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам  да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 6 за амандманот, 3 воздржани, 52 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеника, 61 гласале за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за превоз во патниот сообраќај.

Минуваме на точката 27. -**Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање**

Предлогот на законот,  извештаите на работните тела на собранието Ви се доставени односно поделени.

Има зб ор министерот за транспорт и врски.

Повелете г-дине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

По дискусиите и заклучоците во врска со начењето на овие два закони како што се закон за градба и за просторно и урбанистичко планирање, мислиме сепак како Влада за овој закон да предложиме на собранието на Република Македонија овој Предлог закон да се разгледа на оваа седница како Нацрт фаза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот од министерот, законот да биде во Нацрт фаза го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеника, сите гласале за. Нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Отворам претрес по Нацртот на законот.

Молам, кој бра збор?

Има збор г-ѓа Цветле Јаневска, а потоа г-динот Томе Тромбев.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитуван пртседателе, колеги пратеници, претставници на Владата.

Пред се сакам да го искажам задоволството што претставниците на Владата го преиначија овој Предлог-закон во Нацрт закон со што ќе се даде можност да си земат во предвид и мислењата од денешната расправа.

Во секој случај сакам да се произнесам афирмативно по однос на Нацрт законот за просторно и урбанистичко планирање кој регулира една значајна материја од уредувањето и хуманизација на просторот и кој со своите решенија има тенденција да обезбеди анулирање на хаосот и спречување на истиот во агресивното напаѓање на просторот.

Практично, со овој закон, се прави интеграција и доследна примена на начелата од многуте други закони како што се Законот за заштита и унапредување

на животната средина и природата, Законот за заштита на културните и историските вредности, принципот за обезбедување на одржлив животен развој и други, а се со цел создавање услови за хумано живеење и работа на граѓаните.

Треба да го истакнам и начелото на усогласност со Европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

Сакам да го истакнам фактот дека во целиот текст на Законот препознатлив е принципот на хиерархиски јасна детерминираност во степенот на важноста на планските документи, како и во надлежностите на поедините институции во донесувањето на истите.

Така, просторниот план на Републиката е највисокиот документ во низата на просторни и урбанистички документи, би рекла Устав, кој ја дефинира основната стратегија за просторниот развој на Република Македонија.

Сите други просторни планови како и урбанистички планови произлегуваат од него и се во согласност со истите. Дури и во случаи кога не се изготвени соодветните планови за одредени подрачја, урбанистичките проекти се изготвуваат со основните параметри што се дадени во него. Се забележуваат и доста новини во смисла на додефинирање на просторот, како што се Просторен план на регион, Просторен план на подрачје од посебен интерес на Република Македонија и Просторен план на општината и Градот Скопје.

Оттука, сакам да потсетам дека произлегува и давање просторна согласност пред издавање на решението за локациски услови која согласност беше утврдена во Законот за спроведување на просторниот план. Меѓутоа, во овој Предлог закон овој документ не го сретнав.

Исто така, мислам дедка има новина во спроведувње на стручната расправа во плановите, било да се просторни или урбанистички во смисла што таа се одржува и во фазата пред да се донесе Нацртот на плановите.

Овде предлагам ова да се прави и пред да се утврди Нацртот од Своетот на општината. Добро е што е внесена новина по јавната анкета на изготвенит извештај општинската администрација да го извести секое лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање или одбивање на неговото барање.

Кога сум кај оваа фаза имам забелешка за непрецизноста во составот на општинската администрација од стручен аспект која треба да оцени во кој процент Нацрт планот претрпел измени, а за што треба да следи повторување на постапката.

Местото дефинирано за одржување на јавна презентација требба да се дополни, покрај за селата, месните заедници и за седиштата на општините.

Ја поддржувам постапката за вршење стручна ревизија и на Нацртот и тоа пред организирањето на стручната расправа односно јавната анкета со јавна презентација.

Не се согласувам со толкувањето во членовите од Законот за прекутно прифаќање на согласноста на плановите од надлежните министерства доколку истата не се издаде во рок од 30 дена.

Исто така да кажам дека прифаќам задолжително применување на стандардите и нормативите за планирање и уредување на просторот, како и тоа истите да се донесуваат со организирање стручна расправа од стручни и научни работници од областа на просторното планирање и уредувањето на просторот.

Во законот суштинска новина е изработката на урбанистички проект кој се изработува во случаите кога за конкретен простор или локалитет нема донесено детален урбанистички план.

Овој Проект во Законот добива правна рамка на општ акт. Урбанистичкиот Проект е потребна документација во постапката за добивање решение за локациски услови и затоа предлагам да го изоди патот на донесување како деталниот урбанистички план.

Сум за тоа непосредните соседи на кои може да влијае издавањето решение за локациски услови за градба да бидат вклучени во постапката за неговото донесување на спроти предлогот во Законот каде се предвидува дека може да бидат вкучени значи алтернативно.

На крајот се изјаснувам дека ја поддржувам потребата од донесување на ваков закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, нема да бидам толку долг како со претходната дискусија, меѓутоа би сакал да нотирам некои работи кои сметам дека се потребни.

Впрочем на министерот му го предадов извештајот од јавната расправа каде можат да се видат сите забелешки меѓутоа, би сакал да додадам и некои свои забелешки по однос на предложениот текст.

Ги кажав примерите на неусогласеност на урбанистичка парцела со градежна парцела и дефиницијата на инвеститор, сега пред малку госпоѓата Цветле Јаневска кажа за урбанистичкиот проект како дел од планот на кој се планира просторот на одредено одрачје, меѓутоа, јас мислам дека тука имаме концепциски разлики и сметам дека во наредната фаза урбанистичкиот проект треба да биде само проект на разработка на дел од детален урбанистички план каде не се дефинирани одредени параметри, а за сметка на тоа ние не треба планската постапка да ја носиме во едни матни води, така да речам, бидејќи во овој предлог на закон имаме дефиниција на општ урбанистички акт. Општиот урбанистички акт е пониска категорија од план, меѓутоа, од друга страна ако ги прочитате карактеристиките или податоците кои треба да ги има, тој ги има истите податоци кои ги има урбанистичкиот план за населено место и немаме потреба да воведуваме нешто ново во планската постапка. Тогаш тој не треба да биде општ урбанистички акт, туку треба да биде урбанистички план на населено место. Тука е една грешка во терминологијата која е употребена, а ја кажав и при мојата дискусија за Законот за територијална организација, имено, во член 7 став 1, каде се набројани урбанистичките планови постои неусогласеност меѓу Законот за територијална организација и овој закон каде последен план е урбанистички план за село во општина. Така е експлицитно наведено тука, а во Законот за територијална организација е наведено урбанистички план на населено место кое сметам дека е исправно. Значи, тоа треба да се поправи и сметам дека овие планови треба да се надополнат со уште еден план, а тоа е урбанистички план за подрачје вон населено место, кое во досегашната регулатива го немавме и продуциравме различни урбанистички проекти кои се пониска категорија отколку плановите.

Затоа сметам во наредната фаза тоа треба да се направи и верувам дека низ јавните расправи тоа ќе го направиме и ќе го објасниме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да му дадам збор на г-динот Балковски, денеска колеги пратеници ни три часа неработевме што значи малку одработивме, а со овој имаме уште три

закони, предлагам да работиме и по 17,00 часот можеби максимум два часа, би било добро законите да ги завршиме денеска за да не се викаме во вторник.

Ги молам пратениците да влезат во салата, предлогот ќе го ставам на гласање. Деловнички имам право

Почитувани пратеници, согласно член 64 став 4, предлагам да се работи по 17,00 часот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 56 гласале за,

Молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во име на оние пратеници кои не сакаат да притиснат, се извинувам на службите што мора да бројат.

(Службите ги пребројуваат пратеницирте).

Во салата беа присутни 62 пратеника, значи предлогот е усвоен.

Ако бидеме рационални и ефикасни ќе завршиме порано.

Повелете г-дине Балковски имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Лилјана Поповска.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Добро е што Предлог законот за  просторно и урбанистичко планирање ќе оди уште во една фаза,  бидејки сега е во Нацрт закон, за сите овие недостатоци и усогласеноста на Законот за просторно и урбанистичко планирање со Законот за градба, па дури и со Законот за градежно земјиште се усогалсат сите тие три закони , дури и со Законот за сопственост. Меѓутоа јас би се навратил на една друга работа, а тоа е дека и во првата фаза, еве тоа сега да го сметаме како фтора фаза на овој закон, овој Предлог закон за просторно и урбанистичко планирање го носат и Министерството за транспорт и врски и Министерството за просторно планирање и екологија. Мислам дека треба да се определат точните ингиренции на Министерството за транспорт и врски и Министерството за екологија затоа што секогаш овој закон, да речам, и во Собраниска комисија, на некој начин го бранеше Министерството за просторно планирање и екологија, сега гледаме дека е тука министерот за транспрот и врски , мислам дека јас секогаш, настојував и вопрвата фаза, сега и во втората фаза децидно да се определат тие ингиренции затоа што ив

о законот тоа не е прецизно дефинирано и треба да се каже дека надлежно е Министерството за делокругот на сите тие активности. Така што мислам, за поефикасно работење на двете министерства, меѓутоа, сепак и во поглед на услугите што ќе ги дава Министерството сега за транспорт, или Министерството за екологија, спрема граѓаните, спрема сите подносители за одобрување на градба и сите други документи што граѓаните ќе сакаат да им бидат издадени. Меѓутоа мислам дека ќе треба да се дефинира кои се надлежностите и ингиренциите на Министерството за транспорт и врски и кои се надлежностите и ингиренциите на Министерството за просторно планирање и животна средина. Кога тоа ќе се дефинира, може тогаш овој предлог закон и овој сега што е во нацрт да претрпи некои измени и навистина Собранието да донесе еден закон кој ќе може да се практикува во иднина и тоа ќе биде сепак во една добра корелација и со другите закони, меѓутоа ќе има и добра комуникација меѓу двете министерства затоа што сега се чувствува нешто, меѓу двете министерства, така да кажам не се знаат ингиренциите односно секое министерство, што е нормално сака да има поголеми ингиренции по однос на овој закон.

Сакам да потенцирам дека оваа верзија како нацрт, во ред е што се носи ваков Предлог закон за просторно и урбанистичко планирање, меѓутоа, барем во третата и конечната фаза да се дефинираат ингиренциите и на некој начин да се биде, дали Министерството за транспорт и врски, или Министерството за просторно и урбанистичко планирање да биде носител на овој закон.

Што се однесува до законот, ние на Комисијата ги изнесовме сите мислења, сугестии и предлози и се надевам дека и претставниците на Министерството за транспорт и врски, сега, а тогаш беа претставниците на Министерството за просторно и урбанистичко планирање и екологија, навистина ќе ги вметнат во овој закон затоа што сепак сите овие предлози се од техничка природа и тука навистина не треба да се гледа многу политички н аовие закони затоа што Собраието ги носи во интерес на сите граѓани, сите подносители кои ќе поднесуваат секакви барања за документација во нивни интерес и во интерес на Република Македонија. Така што навистина сметам дека најпрвин треба да се определат ингиренциите меѓу двете минситерства, потоа да го донесеме овој закон и добро е што овој закон оди во нацрт фаза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Балковски.

Повелете госпоѓо Поповска, имате збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г. претседателе,

Почитуван министре, колеги пратеници, сосема накусо повторно еден осврт во поглед на лицата со посебни потреби, очекувам во крајната верзија на законот да бидат вградени формулации кои ќе обезбедат едно усогласување на подзаконските акти кои веќе постојат во Министерството за транспорт и врски со законската материја. Имено во повеќе подзаконски акти е предвидено надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидност. Исто така предвидени се одредени мерки од аспект на обезбедување интегративен пристап и некакви можности за лицата со инвалидност, во севкупното нивно живеење. Меѓутоа, што се случува во праксата. Поради тоа што тие подзаконски акти не се поврзани со законската материја, не постојат  можности за стого спроведување за тие подзаконски акти. Така што и во оваа прилика  интерпарламентарната лоби група организираше јавна расправа, во присуство и на советодавниот комитет кој што вклучува лица од различни структури, од невладини организации, од владин сектор, од медиуми од локална самоуправа експерти и други индивидуалци кои што сите се заложија да се внесат вакви измени во овој закон за просторно и урбанистичко планирање и врз база на тоа беа посочени одредени амандмани , кои што сега нема да бидат потребни, со оглед на тоа што законот ќе оди во уште една фаза. Но, очекувам од министерот г. Агрон Буџаку да ги има предвид овие укажувања кои што се содржат во поднесените три амандмани кои што се приложени во текот на оваа расправа.

Значи, на крајот само да заклучам, очекувам да се предвидат начела и да содржи формулации законот преку кој што ќе се санкционира непочитувањето на веќе донесените правилници во кои се предвидени стандарди и нормативи за пристапни рамки, за паркиралишта и слично во длеот на просторното и урбанистичко планирање на просторот. Сето тоа ќе биде во функција на обезбедување на интегрираност на сите граѓани во севкупното живеење, меѓу кои и на лицата со инвалидитет.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Госпоѓа Ивановска, барате збор, повелете.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Ќе се потрудам да биде кратко, бидејки претходните дискутанти кажаа голем дел од забелешките кои што ги имаше Комисијата за транспорт ив рски, а само ќе потенцирам во законот за  просторно и урбанистичко планирање, забелешката од Комисијата за поактивно вклучување на општините во постапката на утврдување на годишна програма и давање на согласност за објекти од значење на републиката , заради зголемување на локалниот економски развој и поинаква распределба на средствата наменети за изработка на урбанистичките планови, со што единиците на локална самоуправа и Градот Скопје, би добиле повеќе финансиски средства од аспект на приближување на власта према граѓаните. Сметам дека тоа е во духот на децентрализација на надлежностите и финансиска децентрализација.

Посебно ќе потенцирам во законот, формирањето на Агенција  за планирање на просторот за која дискутирав во првата фаза од донесување на законот. Имено Уставот на просторот односно просторниот план на Република Македонија бара следење на просторниот план на Република Македонија.

Сметам дека од надлежностите на Агенцијата треба да се изземе изработувањето на урбанистички планови затоа што, според законот, изработка на урбанистички планови можат да вршат правни и физички лица, затоа што одржување и ажурирање на просторно-информативниот систем, како надлежност на Агенцијата, е доволно обемна, така што Агенцијата, со следење на спроведувањето на просторните планови и оваа надлежност, ќе има доволно надлежности за ефикасно да ја врши својата функција и земањето на изработка на урбанистичките планови мислам дека ќе биде во делот на подобрувањето на работата на Агенцијата и ослободувањето на државните органи од надлежности кои можат да ги вршат други правни и физички лица.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејки треба да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за просторно и урбанистичко планирање;

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија ;

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на 28-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Биковска, а потоа господинот Даневски.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам претседателе.

Почитувни претставници на Влада, почитувани пратеници,

Неопходноста за донесување на посебен закон кој ќе ја регулира оваа исклучително битна материја, односно снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, издвоени од другите комунални дејности ја имам непосредно согледано. Соочувајќи се со проблемите од оваа сфера од позиција на Републички и санитарен инспектор. Познавајќи ги импликациите на

квалитетот  на водата за пиење по здравјето на граѓаните и фактот што одредбите на овој закон што практично нема семејство кое не го допира побуди посебен интерес кај мене, поради што му посветив особено внимание на овој Предлог закон.

Значи имајќи ги во предвид постоењето на системскиот закон за водите во кој се уредуваат прашањата кои се однесуваат на површинските води, водотеците, езерата и слично и фактот дека новиот Закон за локална самоуправа во надлежностите на општините ги вбројува и комуналните дејности пред се снабдувањето со вода за пиење, испораката на технолошката вода, одведувањето и пречистувањето на отпадните води и слично, јасно е дека е неопходно уредување на овие дејности со посебен закон. Значи, заради нивна усогласеност односно единствено нормативно уредување и усогласување со европското законодавство.

Со овој Предлог закон се инсталираат единствени законски решенија за снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води се уредуваат условите и начинот за снабдување со вода за пиење, прекинување со снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, изградба, одржување, заштита и приклучување на водоснабдителни канализациони системи и слично како што определува самиот член 1 од Законот. Определувајќи ги поимите кои ќе бидат употребени во самиот текст, законодавецот го дефинира значењето на одредени поими, без притоа да го има во предвид постоењето на одредени објективни пречки не за нивна терминолошка примена, туку за нивната дефакто практична примена регулирана со другите одредби од законот.

Јас се извинувам, но инсистирам на внимание од страна на претставниците на Владата. Како пример за оваа моја констатација, одведувањето на урбани отпадни води дефинирано како собирање на отпадните води во агломератот од приклучокот над водната мрежа на било кој снабден, или деловен објект, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот е генерално позитивно. Но, сепак треба да се има во предвид фактот што во Република Македонија има само две пречистителни станици за отпадни води. Со донесувањето на овој закон практично сите ќе го кршат што не гарантира негова одржливост, а потребно е подолго време за да се изградат пречистителни станици. Понатаму, колекторскиот систем и неговото значење мора да се дефинира со стандарди кои што во овој закон не постојат.

Во член 3 точка 6 овде може да стои “самиот водомер”, иако сметам дека и со преземање на водомерот од корисникот не се постигнуваат поголеми подобрувања. Вака не е јасно дали водомерот е на корисникот на услугата, или на давателот на услугата. Во истиот член 3 точка 9 дефинирањето на поимот урбани отпадни води е многу испомешано и дискутабилно и според мое мислење сепак адекватно не се дефинира поимот урбани води. Во секој случај атмосверските води мора да се одвојат од урбаните води, без разлика дали потекнуваат од урбано подрачје, или рурално подрачје, или пак се од атар на некое подрачје. Во ридско планинските населени места било урбани, било рурални атмосверските води се специфичен проблем и не би требало да се мешаат со отпадните води. Во одредени места истите во блиска иднина можат да најдат и некоја практична примена и доколу се дефинирани како отпадни води не би можеле да се користат, иако тоа не се. Еве пример, за полнење на цистерни за поење на стока, цистерни за наводнување на земјоделски површини. И нема никаква смисла доколку во законот се предвидени како отпадни води истите да добијат и своја примена за вакви и слични цели.

Значи, точка 3, поточно член 3 точка 9 би требало да гласи вака: “урбани и отпадни води се отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни води и мешавина од отпадни води од домаќинства, индустриски отпадни води и атмосверски води”.

Во членот 4 точка 2 според дефиницијата за урбани отпадни води која веќе ја коментирав мора да се направи раздвојување на отпадните од атмосверските води и надлежноста над нив од аспект на одржување на системот на атмосверска канализација.

Во член 5 став 1 според мене зборот “давател на услуга” треба да биде во множина. Може да постојат повеќе даватели на услуги и сите треба да бидат дефинирани со закон.

Во членот 6 во кој се определуваат средствата за вршење на дејностите за снабдување со вода за пиење, одведување на урбани отпадни води и слично, сметам дека мошне прецизно се дефинирани начинот и методологијата за утврдување на цените на водата за пиење и одведувањето на урбаните отпадни води. Понатаму, мерката која ја предвидува точка 6 од истиот член за прекумерната потрошувачка на вода, односно вообичаеното давање попуст на цената на одредени производи при поголеми побарувања, сметам дека е сепак спротивно од условите кои ги дефинира пазарната економија, иако како мерка за намалување на

прекумерната и безпотребна употреба на преработена вода, морам да признаам е добра мерка за македонски услови.

Одредбите предвидени во глава 3: изградба, одржување и заштита на водоснабдителните и канализационите систми се чекор напред од постојната законска регулатива во која воопшто не беше регулиран, ниту било како прецизиран начинот на одржување и заштита било на водоснабдителните, било на канализационите системи. Постојните јавни претпријатија кои ја вршат оваа дејност од јавен интерес во изминатиот период во недостаток на законска регулатива наплатуваа секакви услови на граѓаните без било каква правна основа и тоа почнувајќи од наплата за повторен приклучок на водоводна, или канализациона мрежа до секакви други услуги дури и при обична промена на водоводна инсталација. Сметам дека прецизно регулирање на правата и обврските и на корисникот и на давателот на услугата е мошне значајно за понатамошно избегнување на овие непожелни девијации.

Посебно ги поздравувам одредбите од глава 5 на овој Предлог закон каде се прецизирани условите и начинот за прекинување на снабдувањето со вода за пиење и одведувањето на отпадните води од страна на давателот на услугата во случај кога корисникот на услугата не ја исполнил обврската за плаќање на надоместокот за дадената услуга. Ова конечно ќе ги извади од агонија јавните претпријатија кои мака мачеа со наплатата, а немаа никаков правен инструмент законски регулиран за исклучување на ваквите несовесни корисници. Им остануваше само постапката во судовите која во овие услови и немаше баш никакви ефекти.

Што се однесува до одредбите за инспекцискиот надзор над примената на овој Предлог закон и прописите кои подоцна треба да бидат донесени врз основа на него, сметам дека се добар систем кој и практично може да профункционира само со законито и совесно вршење на работите на надзорот од страна на овластените органи согласно овој закон. За другите одредби од законот нема повеќе да коментирам. Мислам дека пред нас имаме еден квалитетен предлог на закон кој треба да го подржиме. Но, ќе потенцирам дека стојам зад моите забелешки кои се од суштинска природа, истите заслужуваат анализа и можеби и интервенција од страна на Владата согласно Деловникот. Ќе заклучам, го поддржувам донесувањето на овој закон како дел од пакетот закони за децентрализација на власта во која се имплементираат препораките од директивите и упатствата на Европската унија во оваа област.

На крај ќе завршам со неколку мисли од Европската повелба за водата. “Водата не знае за граници. Таа е природен извор кој бара меѓународна соработка”. Како привилегија за голем број луѓе на планетата Земја незаменлив и ограничен ресурс за сите нас. Мора неминовно да изнајдеме начини рационално да ја користиме и максимално законски да ја дефинираме оваа експлоатација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

И јас имам мотив повеќе да зборувам за водата, затоа што јас и моите сограѓани мака мачиме веќе 20 години и никако да се уреди оваа проблематика во градот за чиста вода за пиење. Имено, се вклопуваме со овој системски закон за водите за уредување на прашања кои се однесуваат на површинските води, водотеците, езерата, акумулациите, изворите и подземните води како и крајбрежните земјишта и водните живеалишта, нивното управување, заштита и зачувување на водите, финансирање на управувањето со водите како и начинот и условите под кои можат да се користат водите. Природно се наметнува потреба истите нормативно да се уредат на единствен начин и во законски рамки како и уредувањето на односите помеѓу корисниците и давателите на услугите, ова го потенцирам, но, на услугите од оваа област за да бидат согласно законските утврдени стандарди и правила. Исто така, е неопходно и оваа област да се вгради директно во она што ќе значи користење на искуствата од Европската унија и компаративното законодавство. Дали ова ќе биде едно кодофицирање на сите закони за води. Знаеме дека ова е пренесување на дел од обврските во делот на децентрализацијата. И сега се наметнува едно прашање во делот на она што се општи одредби и цели со овој законски проект. Достапноста на доволни количества здрава, исправна и чиста вода за пиење за потребите на корисниците на услугата согласно барањата, стандардите и вредностите на квалитетот на водите, снабдување со здравствено исправна вода за пиење, а во случаи на нејзина контаминираност, забрана, или ограничување на користењето, соодветно информирање на корисниците на услугите за квалитетот на водата за пиење и преземање на мерки за обезбедување на квалитет на водата за пиење, соодветно прочистување на индустриските отпадни води пред нивото за испуштање во реципиентот и преку одведување на урбаните отпадни води да се обезбеди заштита

од неговите ефекти од нивното испуштање. Ова не случајно го зборувам и ги прочитав овие цели кои се дадени како императив во законот, затоа што ние во градот Свети Николе се снабдување со наводно чиста вода за пиење. Тука за прв пат го гледам министерот Агрон Буџаку и првото прашање би било, дали знае каде се наоѓа градот Свети Николе. Второто прашање, дали знае дека градот Свети Николе две години нема вода за пиење. Да би се случело во градот Тетово, или во градот Гостивар да нема две години вода за пиење, не знам што ќе се случеше? Ќе се случеше револуција. За две години да не може да се најде решение, да се реши прашањето, со една цистерна да се снабдуваат граѓаните, мислам дека е жално. Деновиве слушаме преку медиумите и читаме дека прашањето кое е акутно во градот Свети Николе е наводно решено. Нoторна лага е и никој не може и не смее да потпише, затоа што ќе сноси кривична одговорност, затоа што водата во градот Свети Николе е неисправна и не може да се поправи согласно со сите стандарди и норми на светските здравствени установи. Петта категорија вода не може да се преработи за квалитетна вода за пиење без разлика што укажуваа и имавме тука кажување на дел од Министерството за транспорт и врски, или од Министерството за животна средина и просторно планирање, затоа што од сите укажавања и направената најнова анализа која е платена ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам дискутирајте во врска со законот. Опомена прв пат.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Законот за води сигурно дека го заобиколи градот Свети Николе, иако е даден вака во нормативниот дел. Направена е анализа во САД и е дојдена анализа во која децидно стои: 24 метали има во водата за пиење. Што значи таму децидно стои: забрането за технолошка употреба, за миење и бањање, затоа што е штетна и за малите деца и по вриење е штетна. Не знам кој е тој што ќе потпише во оваа држава дека водата во општина Свети Николе, односно во градот Свети Николе е исправна, затоа што водата е контаминирана, петта категорија. Потрешени се некаде 400 илјади евра, тоа е друго прашање дали се наменски, или не наменски потрошени, тоа не е сега предмет на дискусија, дали се употребени или злоупотребени, затоа што и ден денеска на сливот каде што доаѓа онаа сурова вода за користење, на влезот каде што денеска се користат 25 литри во секунда, некаде доаѓаат 25 милиграма органски материи. Со сите хемии, со прочистување се ствараат ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски држете се до предметот на расправа, за текстот на законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ако малку имате чувство за граѓаните на општина Свети Николе,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве опоменувам втор пат.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ако чувствувате дека тие граѓани припаѓаат на оваа држава. Ние имавме повеќе информации, завршуваат исто. Куриозитет е денеска, затоа што нема две години вода, поднесени се 1600 тужби на граѓаните во општина Свети Николе заради тоа што не плаќаат вода. Овој законски проект кој во членовите 6 и 7 кажува за она што значи даватели и корисници на услуги. Многу добро е напишано и стои. Да кажеме во глава 5, или да дојдеме на крајот што ќе значи инспекцискиот надзор, или она што значи казнените одредби. Вели, со парична казна, членот 40, со парична казна од 100 илјади, до 300 илјади денари ќе се казни за прекршок давателот на услуги ако на корисникот на услуги не им обезбеди трајно и перспективно снабдување со води. Знаете ли кој треба да се казни? Јавното комунално претпријатие веднаш треба да се затвори. Веднаш треба да се затвори. Во членот 44 каде што се уште 25, ниедно барање не е исполнето. Како ние ќе го решиме случајот во општина Свети Николе. Замислете, град со 15 илјади жители, една цистерна, со една цистерна да се снабдува целиот град со вода. Ги тераат луѓето да одат по чешмичиња и по бунарчиња за да се снабдуваат со вода. И на целата нивна мака 1600 семејства се тужени заради тоа што не ги плаќаат сметките. Не им се дава вода, водата е неисправна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски, 7 минути беше доволно да зборувате за се, ама не за законот.

Дали некој друг бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи е заклучен претресот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојување предлгот за донесување на закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 54 гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во време кога се гласаше беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во Собранието се присутни минимум 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 53 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски поднесоа амандман на член 6 став 2 и на став 8 алинеја 1 и 2; член 10 став 1; член 14 за дополнување на став 2; член 27 став 1 за менување на став 2 и за додавање нов став 6 по ставот 5; за менување на член 28 и на член 30 став 3 по кои Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 21 став 1 и 2; член 22 став 2; член 27 став 5; член 30 став 1; член 33 став 2 на воведната реченица и на став 4; член 37 алинеја 5 и за додавање нов став 2 по алинеја 9 на ставот 1; член 42 став 2 во воведната реченица на став 5; член 43 став 1 точка 1; член 44 став 1 точка 18 и на член 46.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на член 6 став 1; член 6 став 2; член 6 став 3 и на член 26 за додавање нов став 2 и на став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од Комисијата за транспорт врски и екологија.

Со овој амандман не се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од Комисијата за транспорт врски и екологија.

Со овој амандман  се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 и на став 8, алинеја 1 и 2, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3, поднесен од Комисијата за транспорт врски и екологија.

Со овој амандман не се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновсаки.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот  не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеника. 7 гласале за амадманот, нема воздржани и 52 гласале против амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на  став 2, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници. 6 гласале за, нема воздржани, 51 против амандманот.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата, бидејќи се повторува бројот 57. Можеби некој и не притиснал.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија

Со овој амандман  се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став 2 и став 3, поднесен од Комисијата за транспорт врски и екологија.

Со овој амандман  се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман  се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1 за менување на став 2 и за додавање нов став 6 по ставот 5,  поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 ператеник, 8 гласале за амандманот, нема воздржани и 52 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 28, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник. 6 гласале за амандманот 3 воздржани и 52 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман  се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 3, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници. 4 гласале за, 3 воздржани и 50 против амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2 на воведната реченица и на став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија

Со овој амандман се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 алинеја 5 и за додавање нов став 2 по алинеја 9 на ставот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 2 во воведната реченица и на став 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1 точка 1, поднесен од Законодавно-правната комисија

Со овој амандман се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 1 точка 18, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман  се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 46, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман  се согласл повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за транспорт и врски.

Повелете господине Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и ве молам 61 пратеник мора да се обезбеди.

Молам служБите нека го проверат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Бидејќи имаме 61 пратеник, сега опозицијата може да влезе ако сака.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 61 пратеници, 61 пратеник за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на точката 29 -**Предлог на закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти**

Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Дописот од Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Во согласност со точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесен амандман на член 41 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои приаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеници, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака?

(пратеници креваат рака)

Кој е против, молам да крене рака? (никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

На седницата присуствуваат 19 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за предлогот на законот гласаа 19 пратеници, против нема, а од гласањето никој не се воздржал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

Почитувани пратеници, со ова го завршивме пакетот, барем тоа што ви е дадено од Владата за децентрализација.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 72-та седница на Собранието на Република Македонија.

За во сабота знаете, а во идниот петок, на 24 септември имаме нова седница.

(Седницата со работа заврши во 17,52 часот).